Република Северна Македонија

Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност

Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, Филозофски факултет - Скопје |
| **Седиште** | Бул. Гоце Делчев бр.9А, 1000 Скопје, Македонија |
| **Контакт информации** | info@fzf.ukim.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. д-р Оливер Бакрески, Декан, dekan@fzf.ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | М-р Игор Панев, igor.panev@fzf.ukim.edu.mk |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2023 / 2024 година |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | 08-107/17 од 17.01.2024 година |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Место, датум　　　　МП　　　　овластено лице на установата
(потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.
Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет -Скопје. |
| Седиште | Бул. Гоце Делчев бр.9А, 1000 Скопје, Република Северна Македонија |
| Веб страница | https://fzf.ukim.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | Како прва и најстара високообразовна установа во државата, Филозофскиот факултет има мисија да ги чува и негува врвните научни и хуманистички вредности во наставната и во научноистражувачката дејност, да ги развива и имплементира во активностите што имаат пошироко општествено значење. Заснован на принципите и вредностите создавани во текот на неговата богата традиција, како и од специфичните предизвици кои ги носи современото општество, Филозофскиот факултет е целосно посветен на визијата на создавање на автентичен, високо компетентен и креативен профил на општествената и хуманистичката мисла, кој македонската академска заедница суштински ќе ја поврзува со светските интелектуални текови.<br><br>Академскиот аспект на мисијата на Филозофскиот факултет се согледува во донесување и спроведување на законската регулатива и акти, во постојаните напори за креирање на високо компетентни академски кадри, со константна грижа за континуиран развој и унапредување на научно-истражувачката дејност, преку финансиска поддршка на учеството на наставниот кадар на домашни и меѓународни конференции, издавање на публикации, користење на можностите за финансирање на научноистражувачки и апликативни проекти, итн. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид на високообразовна установа: Јавна установа.<br>Матичен број: 6462723<br>Шифра на дејност: 85.42 високо образование |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | *Акредитација на установата:*<br><br>*Студиски програми на прв циклус на студии*<br><br>*Студиски програми на втор циклус на студии*<br><br>*Студиски програми на трет циклус на студии* |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност | Број на наставно - научен кадар: Вкупно 106<br>90 редовни професори,<br>8 вонредни професори<br>3 доценти<br>Број на соработници (асистенти): 5 |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | Вкупно запишани студенти на Филозофски факултет во учебната 2023/2024 год<br>- На прв циклус студии: 1707<br>- На втор циклус студии: 34<br>- На трет циклус студии: 23 |

| | |
|---|---|
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Филозофскиот факултет е најстарата високо-образовна институција во државата, основан во далечната 1920 година, кој својата наставно-научна дејност во првата учебна година ја започнал со 10 наставници и триесетина студенти. Денес, Филозофскиот факултет е современ, интердисциплинарен факултет, сочинет од 12 институти од областа на хуманистичките и општествените науки: филозофија, историја, педагогија, социологија, класични студии, историја на уметност и археологија, психологија, социјална работа и социјална политика, специјална едукација и рехабилитација, безбедност, одбрана и мир, родови студии, семејни студии. Заклучно со учебната 2023/24 акредитирани се вкупно 19 студиски програми на прв циклус студии со 240 кредити, 29 студиски програми на втор циклус студии со 60 или со 120 кредити (на 15 од нив се запишале студенти во 2023/2024 година) и 8 студиски програми на трет циклус студии со 180 кредити (на 4 од нив се запишале студенти во 2023/2024 година). Дипломите на сите три циклуси се широко признаени и овозможуваат продолжување на студиите на други универзитети во светот.<br>- Покрај наставата, на Филозофскиот факултет има и развиена научно-истражувачка дејност. Во склоп на Факултетот постојат 13 истражувачки центри, меѓу кои Анкетен истражувачки центар, Национален центар за континуирано образование за социјален развој, Центар за изработка и примена на тестови – Психометрика, Национален информатички центар за дефектолошки истражувања, Центар за едукациска поддршка на Ромите (ЦЕПОР), Центар за учебници по историја (ЦУИ), Центар за менаџмент на човекови ресурси, Центар за интеркултурни студии и истражувања, Центар за интегративна биоетика, Центар за доживотно учење и Центар за глобални промени. Исто, така Факултетот е издавач на 12 научни списанија кои имаат меѓународен карактер.<br>Филозофскиот факултет својата наставно-научна дејност ја вмрежува и во широко развиена меѓународна соработка. Филозофскиот факултет има 101 активен Еразмус договор со универзитети од Европа, учествува во 6 мрежи во рамките на Централноевропската програма за размена во областа на универзитетските студии (CEEPUS III - Central European Exchange Program for University Studies) за универзитетска мобилност и има бројни билатерални договори со универзитети од светот. На Филозофскиот факултет се реализираат и бројни истражувачки проекти од меѓународен карактер. Факултетот е носител и партнер во неколку Еразмус проекти за стратешки партнерства во високото образование, партнер во проекти од програмата Хоризонти, ја реализира Европската судија за вредности за Македонија, член е на националната мрежа за Европското општествено истражување. како и голем број на проекти од билатерален карактер, во партнерство со меѓународните организации, меѓу кои: Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), УНИЦЕФ, и слично. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | - Развиени студиски програми за додипломски, постдипломски и докторски студии компатибилни со соодветни програми во регионот и Европа<br>- Студиски програми кои се единствени во државата и клучни за развојот на одредени научни области и продуцирање на соодветни стручни кадри од тие опбласти<br>- Високо компетентен наставен кадар, со значајни постигнувања и препознаеност во соодветната научна област<br>- Грижа за потребите на студентите со попреченост<br>- Разновидни студентски активности од научен, културен, спортски и општествен карактер<br>- Исклучително богата издавачка дејност<br>- Задоволителна покриеност на предметите со учебници и учебни помагала<br>- Обезбеденост на пристап кон електронски ресурси<br>- Плодна соработка со универзитети во регионот |

| | |
|---|---|
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | - Акредитација и реакредитација на уникатни студиски програми на трите циклуси на студии<br>- Дигититализација на одделни аспекти на наставната и админстративната работа<br>- Збогатување на отворените образовни ресурси<br>- Достапни бази на податоци за студентите и наставниот кадар<br>- Збогатени библиотечни фондови<br>- Подготовка и пријавување на меѓународни и апликативни проекти каде Факултетот се јавува како носител или партнер<br>- Организирани научни собири, конференции, трибини во согласност со новините во науката и потребите на практиката<br>- Вработување на соработнички кадар |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | **Предизвици:**<br>- Недостаток на асистенти и млади истражувачи за реализирање на наставата и научната дејност<br>- Обезбедување финансии за поддршка на научната дејност<br>- Поголема искористеност на постојните меѓународни договори за мобилност и соработка (особено за мобилност на студенти, заеднички истражувања со надворешни партнери, организирање заеднички студии, итн.)<br>- Интернационализација на студиските програми за да се зоголемување на бројот на кандидати од прв, втор и трет циклус студии за студирање на Филозофски факултет<br>- Развивање на функционален информатички систем и бази на податоци за наставната и научната дејност<br>- Поголеми капитални инвестиции за реновирање на дотраената зграда и посоодветни просторни услови за функционирање<br><br>**Недостатоци:**<br>- Несразмерен интерес за студирање на одделните студиски програми на прв циклус. На едни студиски програми се пријавуваат тројно повеќе од квотата која може да се запишат, а на други програми тројно помалку. На некои програми со години наназад интересот за запишување изнесува под 10 пријавени студенти;<br>- Мал број на странски студенти поради законски пречки и недоволна интернационализација;<br>- Мотивациски механизми за привлекување на квалитетни студенти на втор и трет циклус студии во вид на стипендии, грантови и сл.<br>- Поголемо користење на ресурсите на алумни заедницата<br>- Загрозен опстанок на одделни студиски програми поради заминување во пензија на наставниот кадар и недобивање согласност за нови работни места од ресорните министерства<br>- Релативно мал број на вработени кои објавуваат трудови во влијателни списанија |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна. |

**1.1. Обезбедување на квалитет**

На Филозофскиот факултет процесот на обезбедување квалитет вклучува различни активности и мерки кои се применуваат за да се обезбеди висококвалитетно образование:

**1.** Филозофскиот факултет има **јасни политики и процедури за обезбедување на квалитет** кои се систематски развиени и имплементирани преку донесување соодветни акти и формирање стручни тела, како и развој и осовременување на студиските програми согласно општествените потреби, научните достигнувања и спецификите на пазарот на труд.

**2. Интерна евалуација и самооценување**

Факултетот редовно и на сите три циклуси на студии спроведува интерни евалуации за оценување на квалитетот. Овие процеси и резулатите од интерните евалуации се поопширно опишани во натамошните индикатори. Покрај стандардните унифицирани анкети, во мај 2024 година е подготвен и спроведен опсежен прашалник за самоевалуација наменет за наставниот кадар со 30 аспекти на вреднување.

**3. Вклучување на студентите**

Студентите редовно, при запишување на секој семестар, пополнуваат прашалници за евалуација на наставата, од кои се добиваат нумерички оцени за одделни аспекти на наставата. Покрај тоа, на факултетот повремено се организираат форуми и дебати со студентите за да се слушнат нивните мислења. Во спроведената анкета за наставен кадар, некои професори нотирале дека им задаваат и сопствени дополнителни листи за евалуација на наставата како и есеи во кои студентите ги изложуваат нивните перцепции и искуство за квалитетот на студиите и настава. Повратни информации добиени од студентите преку интерните евалуации се клучни за идентификување на области каде што може да се направат подобрувања.

**4.Унапредување на наставниот процес со инвестирање во образовни ресурси, опрема, примена на нови дигитални технологии** како и соодветна инфраструктура за изведување на наставата. Обезбедувањето на соодветна инфраструктура и ресурси (лаборатории, библиотеки, дигитални ресурси) е клучно за одржување на висок квалитет на образованието и истражувањата. Филозофскиот факултет има стари и богати библиотеки и достапност до дигитални бази за научна литература, но потребен е поголем број информатички лаборатории со компјутери на кои би биле инсталирани соодветни софтвери за статистичка анализа и други програми кои ќе овозможат студентите да бидат обучувани и стекнат поразвиени дигитални вештини.

**5.Поддршка на наставниот кадар за стручно и професионално усовршување**, што вклучува обуки, семинари и работилници во тек со новите педагошки методи и истражувачки трендови. Подетално овие активности се опишани во стандард 5.

**6. Осигурување на квалитет на истражувањата,** како и поддршка на вработените и студентите за поттикнување на научните истражувања. Факултетот еднаш годишно финансира еден научно-истражувачки проект во висина од 150 000 денари. Еднаш годишно таков проект се финансира и од УКИМ исто така со буџет од 150 000 денари. Оваа компонента е најмалку застапена, недоволно поддржана и потребно е нејзино зајакнување по пат на обезбедување поголема финансиска, стручна и техничка поддршка за реализација на научни истражувања.

Наведените активности за осигурување на квалитетот се подредени според нивната застапеност, односно најмногу е застапена првата компонента која се однесува на развивањето на нови програми, а најмалку последната која се однесува на поддршката на научни истражувања.

Реализацијата на наведените активности е во согласност со приоритетите дефинирани во Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029). Анализираните документи покажуваат дека Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна и дека се работи на нејзино **континуирано оценување и подобрување.** Факултетот редовно ја ажурира и подобрува својата политика за квалитет, донесува нови акти и документи, формира соодветни тела (Совет за квалитет) и на тој начин се прилагодува на новите предизвици и барања и ја зајакнува својата репутација на национално и меѓународно ниво.

**Прилози**

1.1.А. Стратегија за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 – 2029)
1.1.Б. Деловник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024
1.1.В. Правилник за квалитет на УКИМ од 28.2.2024
1.1.Г. Одлука за формирање Совет за квалитет на Филозофски факултет
1.1.Д. Одлука за формирање Комисија за самоевалуација на Филозофски факултет

| | |
|---|---|
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Редовно се спроведува анкета за евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите во врска со анкетирањето се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.

На Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес. Во последните десет години, студентската анкета за евалуација на квалитетот на наставата се реализираше врз основа на моделот предложен во рамките на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, објавен во „Универзитетски гласник“ бр. 244 на 30 април 2013 година. Прибирањето на податоците се спроведува преку прашалник кој е во стандардизирана форма за сите факултети на Универзитетот и прашалникот се дистрибуира до студентите во двата семестри на учебната година.

За да се зголеми бројот на студенти кои ќе одговорат на анкетата, со цел да се добијат веродостојни податоци од репрезентативен примерок, пополнетата анкета е составен дел на постапката на заверување сесметар.

Со анкетата се вреднуваат наставниците кои изведуваат настава во соодветниот семестар (според распоредот на предметите по семестри за поодделните учебни години, а кои се вработени на Филозофскиот факултет – Скопје како и наставници/стручни лица од други високообразовни институции во рамките на УКИМ кои се ангажирани во изведување на наставата на Факултетот. Анкетата го утврдува мислењето на студентите за единаесет аспекти, од кои првите десет вреднуваат: 1) Подготвеност за предавањата/вежбите, 2) Квалитет на изведување на наставата (начин на изложување на материјалот), 3) Редовност на часовите и рационално искористување на времето, 4) Обезбеденост на соодветен материјал за учење и полагање на предметот, 5) Усогласеност на вежбите со предавањата, 6) Корисност на изведените вежби, 7) Објективност при оценувањето и начин на реализирање на испитот, 8) Достапност за консултации и комуникација, 9) Однос кон студентот, 10) Барања што се поставуваат пред студентите (колоквиуми, семинарски трудови, проектни задачи итн.) и тежина на испитот.

Секој од овие аспекти е оценуван од страна на студентите на скала од 5 до 10 (5 означува незадоволителен, а 10 одличен). Врз основа на оценките се прават следните пресметки: просечната оценка по поединечен аспект за секој член на наставниот кадар по семестри за набљудуваниот период, вкупен просек за сите девет анализирани аспекти по наставен кадар по семестри за набљудуваниот период и вкупен просек по поодделни аспекти за целиот ангажиран наставен кадар кој учествувал во изведување на наставата во рамките на Филозофскиот факултет-Скопје по семестри, за секој од институтите при Филозофскиот факултет. Единаесеттиот аспект се однесува на самоевалуација на студентот за неговото присуство на наставата, а оставен е простор за забелешки, коментари и сугестии за зголемување на квалитетот.

Во април 2024 беше подготвен и спроведен опсежен посебно подготвен прашалник за наставен кадар и беа направени интервјуа со сите раководители на одделенија за потребите на процесот на самоевалуација. Резултатите се вградени во одделните индикатори на извештајот.

Во јуни 2024 беа спроведени анкети со студенти, наставен кадар и административно-техничка служба со прашалници подготвени од центарот за квалитет при УКИМ.

На анонимната анкета со студенти, наставната работа на факултетот е оценета многу високо. Просечната оцена на ниво на факултет изнесува 9.30, а во рамки на одделни инстиути просечните оцени се движат во интервал од 8.94 до 9.71 на скала од 5 до 10 каде 5 означува незадоволително, а 10 - одлично. Резултатите од студентската евалуација подетално по институти се прикажани во прилог 1.2.Б.

**Прилози**

1.2.А. Прашалник за студентска евалуација - образец

1.2.Б. Резултати од студентска евалуација ФЗФ 2024

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

Филозофскиот факултет посветено работи на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Факултетот ги подобрува студиските програми, следејќи ги процесите на водечките светски институции од областите, како и потребите на македонскиот пазар на трудот. Сите студиски програми на Факултетот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години. Дополнително, процесот на самоевалуација на Факултетот ги определува заканите, можностите, слабостите и предностите и дава препораки за подобрување на квалитетот на институцијата во идниот период, а управата на Факултетот посветено работи на нивна реализација.

Вклучување на релевантни креатори на политики при креирање на студиски програми

Факултетот поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. Како примери на поважни институционални форми со кои се обезбедува нивна вклученост можат да се наведат следните две:

- студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес, преку анкети, кои се реализираат почнувајќи од 2002 година;
- студентите се вклучени во централната Комисија за самоевалуација со два члена како и во поткомисиите за самоевалуација на институтите со еден до два членови.(прилог 1.3.А)

на Факултетот функционира Одбор за соработка и доверба со јавноста во кој членуваат претставници на Факултетот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми. Одборот дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата; (прилог1.3.Б.)

- Во мај 2024 година формиран е Совет за квалитет во кој покрај тројца професори вклучен е претставник од стопанството и еден претставник од студентите (прилог 1.3.В).
- Во рамките на факултетот функционираат 13 центри, кои имаат постојана соработка со стручњаци од пракса, овозможуваат развивање соодветни вештини и се прилагодува образовниот процес со потребите на пазарот на трудот, и тоа:

– Global Changes Center
– Балкански центар за проучување на мирот
– Центар за образование и истражување
– Анкетен истражувачки центар
– Национален центар за континуирано образование за социјален развој
– Центар за изработка и примена на тестови – Психометрика
– Национален информатички центар за дефектолошки истражувања
– Центар за едукациска поддршка на Ромите (ЦЕПОР)
– Центар за учебници по историја (ЦУИ)
– Центар за менаџмент на човекови ресурси
– Центар за интеркултурни студии и истражувања
– Центар за интегративна биоетика
– Центар за доживотно учење

**Прилози**

1.3.А. Одлука за формирање Комисија за самоевалуација на Филозофски факултет 2024
1.3.Б. Одлука за формирање Одбор за соработка и доверба со јавноста на Филозофски факултет
1.3.В. Одлука за формирање Совет за квалитет на Филозофскиот факултет

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

За обезбедување на квалитетот на вршењето високоообразовна дејност, Филозофскиот факултет формираше Совет за квалитет кој осмислува, спроведува и координира процедури за проценка и развој на внатрешни механизми за негово подобрување, врз основа на Член 13 од Статутот на Филозофскиот факултет-Скопје. Советот за квалитет му предлага на Наставно-научниот совет, во соработка со другите надлежни тела (центри, одделенија и слично) на Факултетот, усвојување акциски план за натамошни активности за обезбедување квалитет врз основа на утврдените потреби од извештаите за самоевалуација. Во 2024 година избрани се членови на Комисијата за самоевалуација на Филозофски факултет 2024, како и на Советот за квалитет на Филозофскиот факултет.

**Прилози**
1.4.А. Одлука за формирање Совет за квалитет на Филозофскиот факултет
1.4.Б. Одлука за формирање Одбор за соработка и доверба со јавноста на Филозофски факултет

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

Установата редовно ги анализира извештаите од самоевалуациите. Се изработува акциски план за постапување по препораките од процесите на самоевалуација.
Најголем дел од препораките за кои се бараат решенија за подобрување на квалитетот се однесуваат на :
- Надминување на недостигот од наставен, соработнички и административен кадар и обезбедување нови вработувања со преземање систематски активности, во координација со релевантните универзитетски и државни институции. Овој недостиг, од една страна, го отежнува функционирањето на Факултетот во сите сегменти на неговата дејност, а од друга, го оневозможува континуираното изградување на научно-наставниот подмладок и постепеното заменување на пензионираните наставници со кадри со високо развиени наставно-научни компетенции. На тој начин, оваа ситуација сериозно го загрозува сегашното функционирање, како и идниот развој на институцијата.
- Намалување на оптовареноста на наставниот кадар со настава и административни обврски, на сметка на поинтензивна научноистражувачка дејност.
- Обезбедување на финансиски надоместок за ангажманот на демонстраторите или други форми на финансиска помош при нивното студирање од страна на ресорните министерства.
- Преземање мерки за намалување на осипувањето на студентите и продолжување на промотивните активности на Факултетот во постојните и во нови форми.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

[1]Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

**Прилози**

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |

Сите студиски програми на Факултетот на прв, втор и трет циклус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во државата. Нивното креирање, следење, менување и одобрување е од особена важност за унапредување на наставно-образовниот процес во согласност со општествените и научните трендови како и потребите на пазарот на труд. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Филозофскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.Постапката за акредитација се спроведува редовно,

на пет години. Согласно упатствата таа започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма.Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Филозофскиот факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование. Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) дадено и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма дадено во Прилог број 2.1.А. Во прилог брј 2.1.Б и 2.1.В се дадени обрасците кои се користат за поднесување на барањата за акредитација до УКИМ, односно до Одборот за акредитација за втор и трет циклус студии.

**Прилози**

2.1.А. Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на прв циклус студии
2.1.Б. Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на втор циклус студии
2.1.В. Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на трет циклус студии
2.1.Г. Барање за акредитација до УКИМ
2.1.Д. Барање до Одборот за акредитација за трет циклус студии

| | |
|---|---|
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Факултетот организира студии од трите циклуси на студии: прв циклус- додипломски студии во траење од четири години, втор циклус-постдипломски студии (едногодишни и двегодишни) и трет циклус студии-докторски студии и тоа на следните студиски програми: Студиските програми се прецизно дизајнирани, со што се осигурува дека се и сеопфатни и наменски. Содржината е смислено усогласена со целите на секоја програма, осигурувајќи дека студентите не само што ги постигнуваат посакуваните резултати од учењето, туку и стекнуваат релевантни знаења и вештини. Добро дефинираните цели на предметот се во согласност со вкупните резултати од учењето, обезбедувајќи кохезивно образовно искуство. Програмите се структурирани да го поттикнуваат холистичкиот развој на учениците. Покрај академското знаење, студентите се опремени со преносливи вештини кои можат значително да придонесат за нивниот личен раст и ефикасно да се применат во нивните идни кариери. Наставната програма поддржува избалансиран напредок во образованието, олеснувајќи ја непречената транзиција од теоретско знаење во практична примена, на крајот подготвувајќи ги студентите за нивниот професионален живот. Факултетот има развиено доквалификациски програми кои се наменети за лица кои имаат завршено наставнички факултети, а се вработени во основни и средни училишта. Активни се две едногодишни доквалификациски студии, дефектолошка доквалификација и педагошка-психолошка и методска подготовка. Во секој уписен рок на овие студии се запишуваат околу 20 до 30 кандидати.

**Прилози**

2.2.А. Прв циклус додипломски студии
2.2.Б. Втор циклус постипломски студии
2.2.В. Трет циклус Докторски студии
2.2.Г. Дефектолошка доквалификација
2.2.Д. Педагошка-психолошка и методска подготовка

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми на Филозофскиот факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методи“ во Скопје се креираат и развиваат следејќи ги современите општествени потреби, научниот и технолошкиот развој, како и најновите трендови на европските и светските факултети од областа на општествени и хуманистичките науки. На тој начин студентите се подготвуваат во целост да

одговорат на потребите на општеството, во јавниот и приватниот сектор, да се вклучат во образованието, културата, социјалните дејности и да придонесат за нивно унапредување. Во согласност со член 122 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) на Филозофскиот факултет – Скопје основан е Одбор за соработка и доверба со јавноста. Одлуката за основање на Одборот е дадена во прилог 2.3.А. Одборот дава препораки и совети во однос на студиските програми, континуираното учење, соработката со стопанството итн. Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста дава мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството. Во одборот, покрај двајца претставници од Филозофскиот факултет членуваат и претставници на основачот, односно од Собранието на РСМ и Министерството за образование и наука и релевантен претставник од делокругот на студиските програми, во последниот состав надворешниот претставник е од Државниот архив на РСМ. Сите студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста (прилог 2.2. Елаборати).

**Прилози**

2.3. Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилогот на 2.2.

2.3.А. Одлука за формирање на Одбор за соработка и доверба со јавноста.

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Филозофскиот факултет се изработуваат и ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високо-образован кадар од областа на општествените и хуманистички науки. При подобрување на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот, како пример и најдобра практика за соработка со студентите може дае издвои практиката на спроведување анкети со студенти. Учесниците во процесот на подготовка на елаборатите за акредитација и реакредитација на студиските програми во рамки на одредени институти комуницираат со алумните на Факултетот (најчесто преку спроведување на анкети) со цел да се добијат информации дали и колку од нив се вработени, колку стекнатите знаења на студиската програма им помогнале при вработувањето и им помагаат во извршување на работата, колку стекнатите знаења и вештини го поддржуваат и овозможуваат нивниот личен и професионален развој, што сметаат дека би можело да се подобри во студиската програма, кои знаења и вештини сметаат дека подобро треба да бидат опфатени во студиската програма и сл. Податоците и информациите прибрани на овој начин се анализираат, а програмите соодветно се прилагодуваат на потребите на пазарот на труд, развојните потреби и светските трендови со цел да се избегне нивно застарување и на тој начин да се овозможи конкурентност на студентите во стекнатите знаења и вештини за профилот за кој стекнуваат високо-образовни квалификации преку соодветната студиска програма.

Соработката со алумни е особено развиена како позитивна практика на одделни институти, како што е Институтот за филозофија.

Соработката со алумни е особено развиена како позитивна практика на одделни институти, како што е Институтот за филозофија. Од 2022 година, Институтот за филозофија, заедно со Филозофското друштво на Македонија, има воспоставено циклус на предавања насловен „Алумни“. Во рамките на овој циклус, свои предавања одржуваат поранешни студенти на Институтот за филозофија кои имаат изградено успешна меѓународна кариера во подрачјето на филозофијата, а во моментот живеат и работат во странство, како предавачи и/или истражувачи на реномирани универзитети, од земјите на Далечниот Исток, преку Европа, сè до САД. Целта на овој циклус предавања е овие истражувачи да ја претстават својата работа пред пошироката македонска интелектуална јавност. Со тоа, тие овозможуваат контакт со новите трендови и струења на светската филозофска сцена и придонесуваат кон отворање можности за соработка меѓу нашите образовни институции и институциите на нивната сегашна академска афилијација.

Институтот за педагогија има направено база со податоци и електронски адреси на сите дипломирани и вработени педагози во училиштата во нашата држава и остварува годишни средби со здруженијата на педагози за размена на мислења во врска со програмите и профилирањето на кадрите. И другите институти на Факултетот имаат започнато соодветни активности за развивање на Алумни.

Соработката и вклученоста на релевантни носители на интереси во изработката на студиските програми се покажува преку ангажираноста на стручњаци од државни институции и други организации како што се: Министерство за социјална политика, ЈУ „Центар за образование на возрасни на Р.С. Македонија“, Државен архив, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Универзитетска клиника за хематологија, Универзитетска клиника за психијатрија, ГОБ 8 Септември, Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост –Порака, СОС Детско село, Хелсиншки комитет за човекови права, основни училишта, детски градинки, здруженија, музеи, итн. Во 2023-24 година биле ангажирани 27 стручњаци кои учествуваат во осмислувањето и реализација на студиските програми на Филозофскиот факултет.

**Прилози**
2.4.А. Список на ангажирани стручњаци 2023-2024
2.4.Б. Дипломирани студенти (алумни) – Филозофски факултет (ukim.edu.mk)

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Примена на најдобрите светски искуства во структурирањето на поединечните студиски програми

При креирањето на студиските програми се земаат предвид глобалните светски научни трендови и се настојува понудените програми да бидат компатибилни со други студиски програми од универзитети во светот и препознатливи, а сепак да ја задржат својата специфичност. Посебниот општествен интерес на некои научни дисциплини и студиски програми (историја, педагогија, историја на уметност, итн) наложува во голем дел да се потпираат на сопствената традиција и општествен контекст и заради заедничкото минато, дел од нив се компатибилни со студиски програми на универзитетите од регионот, како што се: University of Belgrade, Faculty of Philosophy, University of Nis, Faculty of Philosophy, Faculty of Arts, University in Ljubljana, Faculty of Humanities and Social Sciences, University of Zagreb. Во секоја студиска програма задолжително е наведена нејзината компатибилност со студиските програми од други универзитети во регионот, Европа и светот. При креирање на студиските програми особено се води сметка и за Европската димензија преку усогласување на програмите со повеќе универзитети во Европа.
На пример, програмата по психологија е компатибилна со Faculty of Social and Behavioural Sciences, University of Amsterdam.
Почнувајќи од учебната 2018/19 година, Филозофскиот факултетот започна со организирање на **Меѓународна Недела**, која претставува петдневен меѓународен интердисциплинарен форум, на кој преку предавања, промоции и дискусии се одбележуваат активностите и соработките кои Филозофскиот факултет ги остварува на меѓународен план. Идејата за меѓународната недела потекнува од потребата да им се овозможи на студентите поширока платформа за стекнување знаења и размена на мислења со професори и колеги од партнерски универзитети од Европа и светот. Предавањата, промоциите и дискусиите со еминентни професори и предавачи, кои се на англиски јазик, имаат за цел да ги мотивираат студентите за пресретнување на големите општествени прашања преку соработка низ различни научни дисциплини, јазици и граници. Предавањата и дискусиите се наменети за студентите од сите три циклуси на студии, а предавачите говорат на теми од научните дисциплини кои се изучуваат на Филозофскиот факултет. Посебен фокус во рамки на овој настан е промоцијата на меѓународните проекти кои Филозофскиот факултет ги спроведува, а во чија промоција учествуваат и партнерските универзитети од Европа. По одржувањето на овој значаен интернационален настан се објавува и книга на апстракти, со што се остава и потраен белег од клучните аспекти на излагањата на сите предавачи.
Во академската 2023/2024 година на Филозофскиот факултет биле ангажирани вкупно 32 професори од други факултети и универзитети и 27 истакнати стручњаци од практиката. Подетални информации за надворешните соработници се содржани во прилог 2.5.В.

Прилози
2.5 А. Странски предавачи на меѓународната недела на ФЗФ 2024 година
2.5.Б. Странски предавачи на меѓународната недела на ФЗФ 2023 година
2.5.В. Список на надворешни соработници, ангажирани професори од други факултети и универзитети и истакнати стручњаци од практиката

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Системот на студирање на На Филозофскиот факултет- Скопје е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), и напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити. На овој начин оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за секој циклус и овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студирањето. Во рамките на секој силабус, јасно се наведени часовите за настава и учење, како и

очекуваното оптоварување за совласување на предемтните програми. Студирањето според ЕКТС се заснова врз нумеричко, т.е. квантитативно мерење и изразување на степенот на оптовареноста на студентите по одделни предметни програми во текот на семестарот, т.е. на учебната година, како и вкупниот обем на активностите потребни за успешно завршување на студиската програма. Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го ставаат во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира цела една студиска година, во што се вклучени: предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити и други можни методи на евалуација. ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, т.е. 30 кредити се еквивалент за еден семестар. Според ЕКТС, оптоварувањето на студент на прв циклус студии е димензионирано на 240 ЕКТС распоредени во четири студиски години по 60 кредити, понатаму, на втор циклус студии 60 односно 120 ЕКТС (едногодишни односно двегодишни студии респективно) и трет циклус на студии од 180 ЕКТС. Во рамките на секој силабус, јасно се наведени часовите за настава и учење, како и очекуваното оптоварување за совласување на предемтните програми.

Пред почетокот на практичната настава од страна на Факултетот на студентот му се издава документ – потврда (упатница) за негово упатување до организацијата – установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од деканот (или продеканот за настава). Во текот на реализација на практичната настава, студентот е под надзор на ментор од Факултетот, кој го следи успешното реализирање на практичната настава. Студентот за време на реализацијата на практичната настава води дневник за секојдневните активности. По завршување на практичната настава, студентот е должен во Одделението за студентски прашања да достави потврда за остварената практична настава, заверена од страна на организацијата – установата каде ја реализирал истата. Практичната настава за студентите се врши во рамки на учебната година. Центарот за кариера нуди поддршка на студентите со информации за можностите за практиканство во соработка со компании од државата, објавувајќи нивни огласи за апликации за практиканти, проектни соработници, апликации за грантови, конкурси, итн.

Практичната настава е вклучена и во рамки на одделни предмети на студиската програма и како посебен предмет.

На пример, во предметот Методика, услов за полагање на испит е остварена практична настава во основно училиште (I-III одд.) и подготвен Методички дневник за реализирана практична настава. Покрај тоа, во најновите студиските програми е вклучен посебен предмет насловен: Практична настава чија цел е: Оспособување за аплицирање на теоретските сознанија, развој на практични способности и вештини, како и искуствено доживување на професијата преку практична работа во стручни институции, чија дејност се однесува на педагошката област. Согласно оптовареноста на студентот, овој предмет носи 6 ЕКТС.

Прилози

2.6.А. Образец за дневник по практична настава

2.6.Б.Список на Министерства/ Установи со кои Филозофски факултет има склучено договор за соработка

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

1 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | |

Сите информации за студиските програми на сите три циклуси се објавени на на официјалната веб страната на факултетот http://fzf.ukim.edu.mk/ и истите кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата (македонски и/или англиски).

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Постапката за акредитација-реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

Наставата на Филозофскиот факултет – Скопје редовно се спроведува согласно утврден распоред на часови кој се објавува на

веб страната на Факултетот (прв циклус, втор циклус и трет циклус). На веб страницата се објавува и распоредот на испитите и колоквиумите (прв циклус, втор циклус, трет циклус и доквалификација).

Во последните 5 години, во рамки на првиот циклус се акредитирани 19 студиски програми, на ниво на втор циклус се акредитирани 41 студиски програми, а на ниво на трет циклус вкупно 9 студиски програми.

Во 2023/24 година се активни 19 програми на прв циклус и 30 студиски програми на втор циклус на Филозофски факултет.

На програмите од прв циклус, според податоците од системот, има вкупно 2722 предмети (задолжителни и изборни), а на програмите од втор циклус има 447 предмети (задолжителни и изборни).

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

Вкупно запишани студенти на Филозофскиот факултет во учебната 2023/24 година изнесува **391** студенти. И покрај видливиот пад во споредба со учебната 2022/23 година кога се запишани 448 студенти, во учебната 2023/24 година Филозофскиот факултет како и во изминатите години беше во првите пет факултети во рамките на УКИМ кој запишува најголем број студенти. Со оглед на фактот што бројот на средношколци се намалува во последните години, факултетот оваа година беше на четврто место по број на примени студенти на УКИМ. Податокот укажува дека сите преземени активности носат резултати. Просечниот успех на сите предмети е највисок во јунската сесија и изнесува **8.287** пресметан од внесени **669** просечни оцени на одделни предмети, односно 8.193 од 693 внесени оцени во јануарската сесија, а најнизок во августовска испитна сесија и изнесува 7,675 од 427 внесени оцени по одделни предмети. Ова е логичен податок бидејќи во првите две испитни сесии голем дел од студентите успеваат да ги положат испитите преку коловиуми и да постигнат подобар резултат, а третата испитна сесија главно претставува повторен обид за положување на испитите на послабите студенти. Во 2023 година се испишале 84 студенти.

На втор циклус на студии во 2023/24 година се запишале 34 студенти. Генерално, може да се констатира дека интересот за упис на студенти на втор циклус студии е намален споредено со периодот од пред десетина години, но сепак, преку иновирањето нови студиски програми на втор циклус студии, се очекува подобрување, односно поголем интерес при запишувањето на втор циклус студии во периодот што следи. Просечниот успех што го постигнале студентите на постдипломски студии по сите предмети изнесува 9.25 и 9.24 во првата и втората испитна сесија и 8.78 во третата испитна сесија.
Последните години покрај намалениот број на новозапишани студенти на прв и втор циклус студии, се забележува зголемен тренд на отпишување од студиите на прв циклус. Во барањето за отпишување од студиите, студентите треба да ја наведат причината. Анализата на овие барања покажа дека во најголем број од барањата студентите наведуваат дека имаат лични причини без подетално да ги објаснат, потоа како причина се наведува напуштање на државата или преселување.
Во рамките на третиот циклус на студии во 2023/2024 година се запишале 23 кандидати, што е највисок број на запишани кандидати во последниве пет години, односно повеќе од двојно повисок во однос на 2019 година. Трендот на зголемување на бројот на докторанти покажува дека и покрај високата школарина и останатите неповолни фактори, програмите кои се нудат се актуелни и привлечни за кандидатите за највисокото научно звање.

**Прилози**

2.9.А. Просечен успех по предмети 2023-2024 година
2.9.Б Average of all subjects second cycle 2023-2024
2.9.B. Number-students-first_cycle
2.9.C. Number-students_second cycle_60ECTS
2.9.D. Number-students_second cycle_120ECTS
2.9.E. Number of students_third cycle
2.9.F. Graphics_students_first_cycle
2.9.G. Graphics_students_third_cycle
2.9.H. Number of students who quit the studies

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Механизмите кои обезбедуваат процес на изведување на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење на Филозофскиот факултет - Скопје е обезбеден преку соодветни акти и документи кои доследно се спроведуваат во практика. Во статутот на Факултетот јасно се дефинирани сите надлежности на факултетот, институтите и центрите кои според статутот остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност; даваат предлози и мислења на актите на Факултетот и на другите акти со кои се регулира наставно-образовниот процес; ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научно- истражувачката и применувачката работа; предлагаат мерки за унапредување на наставната, научно истражувачката и применувачката работа, итн.
Во одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Филозофскиот факултет прецизно се дефинирани активностите кои се предмет на оценување. Наставата по речиси сите предмети е конципирана на тој начин да овозможуваат изведување презентации од страна на студентите на однапред утврдена тема или обработка на дело. Во текот на предавањата и вежбите студентите постојано се вклучени во произнесување аргументи и контра аргументи, негувајќи ги вештините за критичко мислење, рефлексија, одбегнување на логички грешки и јавно говорење. Студентите се вклучени и во тимска работа, работат во групи за да завршат одреден проект. Механизмите кои обезбедуваат процес на изведување на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење на Филозофскиот факултет - Скопје е обезбеден преку соодветни акти и документи кои доследно се спроведуваат во практика.

Во статутот на Факултетот јасно се дефинирани сите надлежности на факултетот, институтите и центрите кои според статутот остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност; даваат предлози и мислења на актите на Факултетот и на другите акти со кои се регулира наставно-образовниот процес; ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научно-истражувачката и применувачката работа; предлагаат мерки за унапредување на наставната, научно истражувачката и применувачката работа, итн.

Во одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Филозофскиот факултет прецизно се дефинирани активностите кои се предмет на оценување. Наставата по речиси сите предмети е конципирана на тој начин да овозможуваат изведување презентации од страна на студентите на однапред утврдена тема или обработка на дело. Во текот на предавањата и вежбите студентите постојано се вклучени во произнесување аргументи и контра аргументи, негувајќи ги вештините за критичко мислење, рефлексија, одбегнување на логички грешки и јавно говорење. Студентите се вклучени и во тимска работа, работат во групи за да завршат одреден проект. Ова ја поттикнува комуникацијата, колаборацијата, довербата, креативноста и решавањето проблеми. Заедно со студентите се организираат проекции на филмови, посета на музеи, разни културни настани, арехелошки локалитети, итн.
Студентите се вклучени со свои трудови на конференциите што ги организираат институтите или на посебни студентски конференции и летни школи. На пример, последна таква организирана летна школа е на тема „Европско и балканско културно наследство“, реализирана во периодот 10-14 Јуни 2024, Скопје во организација на Филозофски факултет, УКИМ и Филозофски факултет, Универзитет во Белград. Студентите се вклучени и во издавачката дејност на Факултетот со објавување на студентско списание Внатрешен патник бр. 25 за 2023 година. http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/vp/issues.html

**Прилози**
3.1.А. Летна школа на тема „Европско и балканско културно наследство“
3.1.Б. Статутот на Филозофски факултет

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата:
Филозофија
- Дебатирање in utramque partem или водење „судски спор“ на дадена филозофска тема/проблем/дело по предметите Академско пишување и аргументирање, Увод во филозофијата и Филозофија на религијата (судењето на Сократ; судењето на Апулеј; судењето на Бог во холокаустот).
- Користење мисловни експерименти (Бродот на Тезеј, Кинеска соба, Прстенот на Гиг, Проблемот на трамвајот, Томсоновиот виолинист, „Оние кои си заминуваат од Омелас“ од У. Ле Гвин, „Случајот на пештерските истражувачи“ на Л. Фулер, Спасување на најважната книга на светот) по предметите Увод во филозофијата, Филозофска антропологија, Теорија на познанието, Филозофија на јазикот, Етика, Биоетика, Филозофија на политиката, Филозофија на правото, Филозофија (општ курс).
- Користење на Сократовиот метод по речиси сите предмети.
- Користење на апликациите Poll Everywhere за концептуално мапирање на одредена дисциплина преку едукативни игри, квизови и бура на идеи по предметите Академско пишување и аргументирање и Филозофија на правото.
- Пишување мит од фрагменти од постоечки космогониски митови, и празни места со дадени варијабли (именка, глагол, придавка)

со што се добива нов мит, кој не е мит туку поезија, по предметот Теории за религијата. Целта е да се долови разликата меѓу митот како света сказна (во рамките на религискиот култ) и митот како игра и поезија (во рамките на уметноста, секуларизираната стварност).

- Спроведување интерен конкурс за најдобра аматерска фотографија на тема „Духовност" од 2019 година по предметот Византиска филозофија
- Проекција на филмови, посета на музеи и други културни настани по предметот Естетика.
- Посета на објект од византискиот или поствизантискиот период по предметот Византиска филозофија.

Институт за специјална едукација и рехабилитација
- Инклузивна пракса
- Дефектолошка пракса

Институт за психологија
- Вклучување на студентите во одржувањето настава во средните училишта по предметот психологија
- Предавања за запознавање на најдобрите практики на менаџирање на човечки ресури во македонски компании
- Изработка на клиничко досие
- Изработка на маркетинг стратегии
- Подготовка и спроведување на психолошки експерименти

Институт за педагогија
- Организирање туторство и менторство на студенти од ранливи категории
- Развивање на медиумска култура

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Во учебната 2023/24 година студиските програми на сите институти на Филозофскиот факултет-Скопје се спроведуваат врз основа на реакредитирани студиски програми кои се ревиидирани согласно со детектираните слабости во минатото. Согласно наведените методи на работа во предметните програми, за изведување на наставата се користат разновидни можности и пристапи на учење:теренска работа, практични задачи, изработка на проекти, домашни работи, истражувачки есеи, преглед на литература, подготовка и изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви, гости предавачи од практиката и другите научно- истражувачки институции/организации во земјата и странство, практични посети на терен и теренски предавања, виртуелни гостувања предавања, студии на случај во наставата (застапени се во секоја студиска програма), користење на модерна информатичка технологија (видеа, електронски алатки, бази на податоци) во наставата, организирање на посебни курсеви на дополнителни теми и области од интерес за студентите, организирање на проектни активности од интерес на студентите и општеството, посета на релевантни институции, решавање на конкретни проблеми, соочување со предизвици итн.

**Прилози**
3.3. Предметни програми на прв, втор и трет циклус студии

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Во акредитираните елаборати за сите студиски програми на Филозофскиот факултет-Скопје, кои ги содржат деталните предметни програми (силабуси), наведени се е и методите за оценување и испитување на студентите. Кај најголемиот дел од предметите се применува сложен систем за евалуација на студентската работа, кој покрај стандардните алатки за проверка на знаењето вклучува и индивидуална научно-истражувачка работа што се реализира континуирано во текот на семестарот. Оценувањето и испитувањето во повеќето предмети се базираат на комбинација од најмалку два метода за вреднување, како што се тестови, индивидуални или групни проектни задачи, учество на часовите, самостојни семинарски задачи, презентации и слично.

**Прилози**
3.4. Предметни програми на прв, втор и трет циклус студии

| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |
|---|---|

Информации за начините на оценување и резулатите на учењето, студентите може да најдат на електронскиот систем iKnow https://www.ukim.edu.mk/iknow-help/, а во некои случаи исто така и во делот на споделување на информации и учење на универзитетската платформа iLEARN https://help.ukim.mk/category/upastva-ilearn-studenti/. Доставувањето на повратни информации во делот на оценувањето е преку електронска комуникација и користење на платформата Moodle. Во секоја предметна програма во точка 17 и 18 се објаснети начините и критериумите за оценување. Во најголем дел програми е заедничко што по пат на тестови се добиваат максимум 70 бодови, два теста (колоквиума) по 35 бода- вкупно 70. За индивидуална работа/проект (презентација: писмена и усна) се добиваат до 15 бодови и за активно учество на предавања и вежби - 15 бодови.
Дополнителни информации има и во претходниот индикатор 3.4.

**Прилози**

| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
|---|---|

Оценување на студентите се врши на различни начини, формативно и сумативно. Кога оценувањето на знаењето на студентот се извршува усно, студентот веднаш е известен за резултатот, и тоа се спроведува јавно пред најмалку двајца други студенти. Доколку оценувањето на знаењето се извршува преку писмен тест, есеј или проектна задача, студентите се известуваат преку електронска комуникација и/или огласна табла. Увид на тестот и консултација за остварените резултати можат да се добијат веднаш по објавувањето на резултатите, при што студентот може да поднесе приговор во рок од 48 часа. По некои предмети се практикува и методот на отворена книга. Резултатите од оценувањето се внесуваат во пријава која се складира во студентското досие, се внесува во индекс и се внесува во електронскиот систем iKnow h, а во некои случаи исто така и во делот на споделување на информации и учење на универзитетската платформа iLEARN  каде студентите веднаш може да го видат резултатот.Тројното внесување на оцени треба да се напушти бидејќи е значаен административен товар за наставникот и за референтите од одделението за студентски прашања, а пред сè за студентите кои треба да купуваат и носат пријави на испити и да доаѓаат за внесување на оцена во индекс. На писмените испити и колоквиуми на некои предмети се применува методот „испит со отворена книга“ (open book exam) со кој се оценува знаењето на студентот преку прашања во кои се бара компарација, интерпретација или критичка рефлексија со слободно користење на каков бил извор на информации во текот на испитот. На усните испити и колоквиуми на студиската програма по филозофија често се применува Сократовиот метод на дискусија.

**Прилози**
3.6.1. Просечни оцени по предмети -прв циклус 2023-24
3.6.2. Просечни оцени по предмети -втор циклус 2023-24

| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |
|---|---|

На Филозофскиот факултет е воспоставен систем и регулатива за постапување по жалби на студенти и пријавување корупција и истиот ефикасно функционира.

Врз основа на Законот за заштита на укажувачи (Сл. Весник на РМ бр. 196/15, 35/18), Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 7/05 и 103/08) и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (Сл. Весник на РМ бр. 46/16), Деканатската управа на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXIX редовна седница одржана на 13.06.2016 година, го донесе

Правилникот за заштитено внатрешно пријавување.

Процедурите за поднесување на жалби и пријави за корупција се во согласност со поставените процедури и постапки за жалби и пријавување корупција дефинирани во наведените закони и правилници. Сите документи се транспарентно објавени на веб страната на Факултетот. Согласно оваа процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите, на факултетот Скопје, се преземаат мерки за обезбедување и заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи со примена на прописи за заштита на лични податоци.

На Филозофскиот факултет е дефиниран и транспарентно презентиран системот на евиденција на доставување, постапување и исход од секоја постапка. Согласно оваа Процедура на Факултетот, по доставување на секоја пријава и по завршување на секоја постапка овластеното лице составува извештај за исходот од постапката како и за преземените/предложените мерки за отстранување на противправните дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот настанати во врска со внатрешното пријавување (член 11). Извештајот се заверува и архивира исто како и пријавата за постапката. Овластеното лице е задолжено да изготвува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи и истиот го доставува до Државната комисија за спречување на корупција (член 14).

Факултетот на својата веб страна, согласно регулативата има јавно поставено и лице овластено лице за прием на пријави од укажувачи:

Службено лице: Ана Јовчевска Иванова, Раководител на Одделението за правни и општи работи на Филозофски факултет – Скопје, тел.02-3116-520, лок. 256

како и контакт електронска адреса за поднесување на пријави за заштитено внатрешно пријавување:

e-mail: prijavaukazuvac@fzf.ukim.edu.mk

На Филозофскиот факултет постои **отворена политика на прием на жалби и пријави** со која се зема предвид и секоја жалба, пријава која е доставено по електронски пат или лично пренесена до било кој член од управата на факултетот. Раководството на факултетот при допрен глас го активира законски поставениот систем и сите процедури кои стојат на располагање.Од овластеното лице за прием на пријави од укажувачи редовно се доставува Полугодишен извештај за прием на пријави од укажувачи до Државната комисија за спречување на корупција и **во извештајниот период нема** пристигнато пријави за заштитено внатрешно пријавување.Во контекст на политиката за антикорупција, треба да се нотира дека согласно законот за високото образование, на ниво на Универзитет, на 21.9.2021 година е донесена Антикорупциска програма со низа предвидени активности подетално опишани во прилог број 3.8.Д. Следствено, согласно член 107 заради поефикасно спречување и заштита од корупција, универзитетскиот Сенат на 6.04.2022 година избра овластено лице за прием на пријави за корупција од редот на редовните професори на универзитетот. На УКИМ овластено лице е Одлуката за избор на проф. д-р Гордан Калајџиев. за овластено лице за прием на пријави за корупција на УКИМ е дадена во прилог 3.8.Д.

**Прилози**

3.7.А. Закон за заштита на укажувачи
3.7.Б. Пријава за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавен сектор
3.7.В Одлука за овластено лице за прием на пријави од укажувачи
37.Г Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавен сектор
3.7.Д Антикорупциска програма на УКИМ
3.7.Ѓ. Одлука за овластено лице на УКИМ за прием на пријави за корупција

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |

Сите прописи за сите циклуси на студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и Филозофскиот факултет – Скопје се регулирани со соодветни одлуки и правилници. Овие однапред утврдени и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите соодветно се спроведуваат на Филозофскиот факултет – Скопје. Условите, критериумите, правата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии), како и на интегрираните студии од првиот и вториот циклус на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се дефинирани со Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје од 2019 година и Правилникот за условите на студирање на студиските програми на трет циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје од 2020 година.

Врз основа на овие правилници во 2021 година е изготвена и усвоена Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Филозофски факултет - Скопје во која се подетално образложени и уредени уписните постапки, студентскиот календар, напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, испитниот режим, завршување на студиите, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена во Правилникот за водење евиденции за високото образование и Законот за високо образование , заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучување, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други права и должности на студентите. Правилниците се јавно достапни на веб страницата на факултетот Во нив се дефинирани и усвоени прописи за сите фази од студирањето.Предизвици: Повременото менување на правилниците условени од менувањето на законски прописи наметнуваат потреба од решавање на бројни административни прашања за студентите кои се запишани по еден правилник, а во текот на студиите е донесен друг а за кои нема прецизно правно толкување. За решавање на овие прашања и правилна примена на новите правилници како што беше случај со Правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје кои беа донесени 2019 и 2020 година, изготвено е Упатство за реализација на Правилникот за студирање на трет циклус (2021) со кое попрецизно се разјаснуваат ваквите прашања. Истите доколку е потребно се допрецизираат и со интерни одлуки на факултетот во консултација со ректоратот на УКИМ.

**Прилози**
4.1.А. Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
4.1.Б. Правилник за условите на студирање на студиските програми на трет циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
4.1.В. Одлука за запишување и студирање на прв и втор циклус на Филозофски факултет
4.1.Г. Правилникот за водење евиденции за високото образование

| | |
|---|---|
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |

Следењето и водењето евиденција на напредокот на студентите се врши согласно одредбите на Законот за високо образование, Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Филозофски факултет - Скопје и Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје. Напредокот и успехот на секој студент индивидуално, по години и по предмети се следи благодарение на користењето на системот iknow на УКИМ (iknow.ukim.edu.mk). Системот овозможува преглед на успехот и напредокот на секој студент и воедно и на генерацијата за секој предмет, но и просечен успех.

**Прилози**
4.2.А. Iknow системот
4.2.Б. Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус УКИМ
4.2.В. Правилник за условите на студирање на студиските програми на трет циклус на студии наУниверзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
4.2.Г. Одлука за запишување и студирање на прв и втор циклус на Филозофски факултет

| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето; Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Признавање на формалното и неформалното учење на студентите од Филозофскиот факултет е регулирано со Законот за високо образование (Службен весник 102/2018) и Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Филозофски факултет-Скопје каде се подетално образложени и уредени регулациите за напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, повторување на семестарот, условното напредување, признавањето на положени испитите или образовни активности комплетирани на други образовни установи, продолжување на студиите по прекинување, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање. Во Одлуката за правила за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Филозофски факултет-Скопје детално се образложени: постапката за запишување на студенти, напредувањето на студентот, премин од една на друга студиска програма, паралелно студирање, период на завршување на студиите, продолжување на прекинатите студии и други права и обрски на студентите. Студентите кои не успеале да ги завршат студиите во предвидените рокови имаат право да ги завршат започнатите студии со поднесување барање за продолжување на студии и еквиваленција на положени предмети. За таа цел на Наставно-научниот совет се донесува Одлука за еквиваленции на студиски програми. Студентот ги продолжува студиите по студиската програма која се применува. Најчест облик на признавање е признавањето на кредити од положени испити и други активности при премин од една студиска програма на друга или од претходна во постојна програма за студенти кои од одредени причини не ги завршиле навремено студиите. По барање на студентот, Одделението за студентски прашања ја доставува поднесената документација (индекс, уверение, програма) до колегиумот или советот на студиската програма, каде предметниот наставник одлучува за признавање на предметот и се врши еквиваленција. За предмети на прв циклус студии од претходна и постојна програма кои имаат ист назив и број на кредити се донесува административна одлука за признавање во Одделението за студентски прашања. За евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите, како што е Еразмус плус и други меѓународни програми постојат посебни процедури. Во однос на признавање на формалното учење на трет циклус студии постојат повеќе случаи на признавање на Факултетот. Најголем број случаи се по барање за признавање на докторандите кои имале завршени двогодишни магистерски студии. Согласно барањето, Советот на студиската програма за докторски студии има донесено одлуки за признавање на предвидените испити од прва година на докторските студии.

За евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите, како што е Еразмус плус и други меѓународни програми постојат посебни процедури. Во академската 2023-2024 година формално учење од мобилност е признаено на тројца студенти:

1.Мартина Депиновска / Институт за психологија / Еразмус / 2023 / Mykolas Romeris University, Lithuania / 24 ECTC

2. Дена Филиповска / Институт за психологија / Еразмус / 2024 /University of Sapienza, Italia – 18 ECTC

3. Матеа Поповска / Институт за педагогија / ЦЕЕПУС / 2024 / University of Split / Признаена практична настава

Преку студиските програми и Центрите на факултетот студентите имаат можност и за неформално и практично образование, за учество во проекти и научноистражувачката работа, подготвуваат трудови за студентски конференции, објавуваат текстови во студентското списание Внатрешен патник и други стручни списанија, итн. За овие активности не се води посебна евиденција согласно постојната законска регулатива каде не постои правна обврска за евиденција и признавање на неформалното образование и истите не претставуваат задолжителна обврска за студентите.

**Прилози**
4.3.А. Правилник за запишување и студирање на прв и втор циклус УКИМ
4.3 Б Правилник за запишување и студирање на трет циклус УКИМ
4.3 В Одлука за запишување и студирање на прв и втор циклус на Филозофски факултет
4.3 Г. Список на студенти со признаено формално учење 2023-2024
4.3.Д. Табела за еквиваленција
4.3.Ѓ. Пример за еквиваленција на прв циклус 2023
4.3.Е. Пример за еквиваленција на втор циклус 2023

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Согласно Законот за високо образование (член 155), на студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование, Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и Филозофскиот факултет како единица на универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него, издава диплома.

Документацијата која ја издава Филозофскиот факултет- Скопје на сите три циклуси на образование соодветствува на законската регулатива дефинирана во Законот за високо образование. Рамката и содржината на дипломата се дефинирани во Законот за високо образование (Оддел 5, член 155), а уверението и додадотокот на диплома се регулирани со посебен Правилник во Службен весник 102/2018 каде е детално утврдена формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите.

Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите и Решенијата за акредитација на стидиската програма.

Во продолжение се поставени 11 прилози во кои се дадени обрасци и примери за документацијата што ја добиваат студентите со завршен прв, втор и трет циклус на студии. Согласно став 3 од ЗВО, член 155, став 3, дипломите и додатокот на дипломи се потпишуваат од Ректорот и Деканот на Филозофски факултет. Приложеното покажува дека документација е јасна, целосна, разбирлива, го одредува бројот на освоени кредити, добиените оцени како резултат на учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии и стекнатите компетенции и квалификација.

**Прилози**

4.4.А. Уверение за положени испити прв циклус ФЗФ
4.4.Б. Уверение за положени испити втор циклус ФЗФ
4.4.В. Уверение за положени испити трет циклус ФЗФ
4.4.Г. Диплома за прв циклус ФЗФ
4.4.Д. Диплома втор циклус ФЗФ
4.4.Ѓ. Додаток на диплома прв циклус ФЗФ
4.4.Е. Додаток на диплома втор циклус ФЗФ
4.4.Ж. Додаток на диплома трет циклус ФЗФ
4.4.З. Закон за високо образование 2024
4.4.Ѕ. Правилникот за водење евиденции за високото образование
4.4.И. Правилник за содржината на дипломата 37-79

## Стандард 5

**СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]**

2 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| **Индикатор** | **Документација** |
|---|---|
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |

Една од силните страни на Филозофскиот факултет е компетентноста на неговиот наставен кадар, со научници признаени и препознатливи во својата област не само во државава туку и пошироко. Во последната академска 2023/2024 година на Филозофскиот факултет во Скопје со полно работно време работат 106 наставници и соработници. Попрецизно, структурата на наставниот и соработнички кадар е следна:

Број на редовни професори – 90 (84,9%)
Број на вонредни професори – 8 (7,5 %)
Број на доценти – 3 (2,8%)
Број на асистенти – 5 (4,7 %)

За подобро разбирање на состојбата со наставниот кадар, овие податоци може да се споредат со податоците од минатата година кога наставниот кадар го сочинувале 103 вработени од кои 76 (73,79%) биле редовни професори, 25 (24,27%) вонредни професори и 2 (1,94%) доцент. Во тој период на факултетот не бил вработен ниту еден асистент. Компарацијата покажува позитивен тренд во обезбедувањето на млад соработнички кадар. Шест асистенти се примени во последната 2023-2024 година со што се ублажи застрашувачката состојба со соработнички кадар на факултетот. Податоците исто така покажуваат дека во моментов 85% од наставниот кадар се редовни професори што е несразмерно висок процент во однос на застапеноста на другите звања. Овој дисбаланс повторно е резултат на подолгиот период во кој не е примен ниту еден асистент на Факултетот поради тогашниот закон за високо образование и другите општествени околности.

Во однос на одделните институти, најголем број вработени има на Институтот за педагогија – 12, од кои 11 се редовни професори и еден асистент, а најмалку (3) на Институтот за семејни студии кој е најново формиран институт на Факултетот. При тоа треба да се има предвид и дека некои институти како педагогија и БОМ нудат повеќе студиски програми.

На Институтот за безбедност, одбрана и мир и институтите за психологија и социологија има по 11 вработени, на институтот за специјална едукација и рехабилитација има по 10 вработени, а на институтот за историја - 9. Институтот за социјална работа и социјална политика и институтот за класични студии имаат по 7 вработени. Институтот за родови студии има 4 вработени, од кои двајца се редовни професори, еден вонреден и еден асистент.

Намалување на бројот на наставен кадар со природниот процес на стареење и пензионирање го загрозува опстанокот на одредени Институти кои се водечки во државата за профилирање на стручни кадри и воопшто за развојот на науката од соодветната област. Десетина наставници веќе остваруваат право на пензија и работат со одлука на ННС за продолжување на договорот за работа што значи дека веќе наредниве години ќе им престане работниот однос, а не е обезбедена нивна замена. Некои институти како СРСП, семејни студии и БОМ немаат ниту еден асистент.

Факултетот константно прави напори за обезбедување нови работни места и доставува барања и образложенија за потребата од млади кадри до надлежните Министерства (образование и финансии).

Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети, што може да се провери од нивните биографии и извештаи за избор. Вработените на Филозофскиот факултет се врвни стручњаци во својата област. Нивниот интелектуален придонес има огромно значење за развојот на образовниот систем, на науката, културата и на вкупниот живот во нашата земја.

**Прилози**

5.1.А. Одлуки за избор во звање
5.1.Б. Преглед на предмети кои кадарот го предава и на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно по институти)
5.1.В. EUROPASS CV OF THE TEACHING STAFF _Faculty of Philosophy
5.1.Г. Список на вработен наставен кадар со звања

| | |
|---|---|
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |

Наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет остваруваат богата научно-истражувачка дејност која резултира со голем број издадени публикации, учества во проекти, учества на семинари, конференции и научни собири од домашен и меѓународен карактер, како и организација на домашни и меѓународни научни собири. Податоците за бројот на публикации досега не се складирани системски што претставува недостаток што во иднина ќе се надмине. За бројот на публикации собравме податоци со помош на прашалници за наставниот кадар кои не беа во целост пополнети од сите, така што е многу извесно дека бројот на публикации е повисок од евидентираниот. Најголем дел од публикациите (над 50%) се индивидуални авторства, објавени како резултат на индивидуалните истражувачки напори и активности, а најмал е процентот на трудови со четири и повеќе ко-автори. **Вкупниот број на публикации** на наставниот кадар од Филозофски факултет во академската **2023 /24 година** според класификацијата на ЗВО **изнесува 171.**

Во табелите во прилог 5.2.А. се содржани подетални библиографски податоци за овие публикации.

Во прилог 5.2.Д. е дадена збирна листа на објавени трудови и дела во која се вклучени и 24 учебници, 7 книги и 11 други објавени трудови кои не се вброени во претходната класификација од 1721 објавен труд.

Филозофскиот факултет плаќа надомест за објавен труд во списание со импакт фактор индексирано во Web of Science во висина од просечна плата, што е повеќе од износот кој го дава МОН и УКИМ. Ова е позитивен пример на поддршката што факултетот ја дава како придонес во развојот на квалитетни научни трудови.

Вредно е да се споменат и податоците од Комисија за информатичка дејност на ФЗФ од декември 2023 година за застапеноста на наставно-научниот кадар на Филозофскиот факултет на следните бази: Google Scholar, Research Gate and ORCID..

Сумарната анализа на застапеноста на наставно-научниот кадар на Филозофскиот факултет на споменатите бази покажа дека:

- На Google Scholar: 58 имаат профили (40 целосно пополнети, 18 делумно пополнети), а 47 наставници и соработници немаат профил.
- На ResearchGate: 69 имаат профили (51 целосно пополнети, 13 делумно пополнети, 5 отворени и воопшто непополнети), а 36 наставници и соработници немаат профил.
- На ORCID: 76 имаат профили (22 целосно пополнети, 14 делумно пополнети, 40 отворени и воопшто непополнети), а 29 наставници и соработници немаат профили.

Поврзано со иницијативата за поголема меѓународна видливост на УКИМ и со цел подобрување на застапеноста и адекватната институционална афилијација на наставно-научниот кадар на Филозофскиот факултет на споменатите бази, Комисијата за информатичка дејност понуди поддршка за активирање на профили на овие бази, како и внесување и поврзување на библиографски податоци на овие бази. Во таа насока беше спроведена обука на ден 14.12.2023 година.

**Прилози**

5.2.А. Листа на трудови ФЗФ 2023-2024

5.2.Б. Линк до објавени трудови од научни конференции во 2023 година

5.2.В. Линк до објавени трудови на вработен наставен кадар на Филозофски факултет, поставени на репозиториумот на УКИМ

5.2.Г. Збирна листа на публикации ФЗФ 2023-24

| | |
|---|---|
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]; Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |

Ангажманот и оптовареноста на наставниот кадар на Филозофскиот факултет соодветствуваат на законските одреби.

**Одлуките за распоред на работи и работни задачи** за сите циклуси на студии се носат во согласност со Законот за високо образование член 161. На соодветниот линк се презентирани сите одлуки за сите програми за последните пет години. Согласно овие одлуки оптовареноста на кадарот не треба да надминува ангажираност на повеќе од 4 предмети во текот на семестарот на прв и втор циклус студи. Констатираниот дефицит на наставен кадар не секогаш оди во прилог на оваа одлука, но таа без исклучок се почитува, а проблемот се надминува со формирање комисии на останатите предмети. Тоа секако не е оптимално решение што нуди квалитетна настава туку изнудено решение или еден вид компромис меѓу законската регулатива и постојната ситуација.

Во делот на наставните часови на Факултетот се почитуваат пропишаните акти од колективниот договор за високо образование и наука од 180 часа годишно наведени во член 34 (5.3.А). Истовремено во рамките на одлуката за утврдување и исплата на плати е пропишан соодносот на различните работни задачи во рамките на член 12 (5.3.А). Во делот на менторствата се води евиденција да не се надминуваат пропишаните насоки од ЗВО чл. 135 и чл. 134 за максимален борј од 12 менторства на втор циклус студии и 3 менторства на докторски студии (5.3.В). Ангажираноста на наставниците од Филозофскиот факултет подразбира нивна вклученост во наставно образовните процеси на прв, втор и трет циклус на студии. Во рамките на првиот циклус на студии, вкупниот број семестри предвидени

со секоја од студиските програми изнесува 8, без исклучок. Ваквиот принцип на воедначеност е присутен и кај вкупниот фонд/број часови по задолжителни и изборни предмети. Имено, фондот часови по задолжителните предмети се движи од 1650 до 1710 часови, а кај изборните предмети се движи во интервал од 720-1080 часови. Ваквиот фонд часови по одделни предмети соодветствува на стручниот профил што се очекува да се добие со завршување на одделната студиска програма. Дополнително, предвидениот фонд часови за студентска практика кај секоја студиска програма, целосно соодветствува на очекуваниот стручен профил и придонесува кон признавање на соодветниот профил од страна на други универзитети. Во делот на прв циклус на студии неделниот фонд на часови изнесува по предмет 6 часа, при што зависно од предметот распределбата е 6 часа предавања или 4 часа предавања 2 часа вежби.

**Прилози**
5.3.А. Колективниот договор за високо образование и наука
5.3.Б. Список на наставен кадар на ФЗФ по звања и институти 2024
5.3.В. Закон за високо образование
5.3.Г. Распоред на работни задачаи прв циклус студии 2023-2024
5.4.Д. Распоред на работни задачи втор циклус студии 2023-2024

| | |
|---|---|
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно - научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

Вработувањето наставен и соработнички кадар, како и изборите, реизборите и унапредувањето на наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет-Скопје е во потполност согласно на критериумите, стандардите и обврските коишто произлегуваат од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Филозофскиот факултет -Скопје, Правилникот за систематизацијата на работните места на ФЗФ, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Сите избори се вршат со доследно почитување на строгите законски нормативи и со квалитетно и навремено спроведување на постапките согласно предвидените рокови.
Во прилог е даден список на лица со нивните наставно-научни и соработнички звања  Филозофскот факултет –Скопје во 2023 година. На секој конкурс скоро во сите случаи, се пријавува по едно лице, односно нема противкандидати кои аплицираат на истиот конкурс, а со тоа и нема постапки по приговори од останати кандидати. Постапката и роковите се целосно почитувани и се во согласност со актите за напредување на постојниот наставен кадар и вработување на нови наставници и соработници.
Во насока на транспарентност на постапките за избор на наставниот кадар во повисоки звања и за нови вработувања, сите рецензентски извештаи за избор заедно со одлуката за избор се јавно достапни на веб страницата на Факултетот (види линк). Во овие документи јасно се претставени аргументите зошто била избрана во повисоко звање или вработена одредена личност во научно или соработничко звање и да се провери исполнетоста на критериумите за направениот избор.
Во учебната 2023/2024 година на Филозофскиот факултет-Скопје беа распишани **10 конкурси за избор** во наставно-научни звања.

**Прилози**
5.4 објавени рецензии за последниот избор на наставниот кадар
5.4.А. Избори во звања ФЗФ 2023-2024
5.4.Б. Список на наставен кадар ФЗФ 2023-24

3 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Филозофскиот факултет има дефинирано своја мисија и визија која се операционализира во годишни планови. Согласно годишните планови кои се дискутираат и усвојуваат и на Деканска управа и на Наставно-научен совет, се прави план за јавни набавки, а тие се спроведуваат согласно законската регулатива и се проследени со транспарентни постапки за кои се изработуваат извештаи. Извештаите се исто така дел од работата на Деканатската управа и се одобруваат од страна на Наставно-научниот совет на факултетот. Во делот на проектните активности истите најпрво се иницираат од страна на институтите и центрите, при што се поднесуваат барања кои прво се разгледуваат на Деканатска управа а потоа на Наставно научниот совет. Одобрените проекти се реализраат, а координаторите на проектите се должни да поднесат извештај, кој повторно се разгледува на факултетските тела.

Просторниот капацитет на Факултетот и пописот на информатичка опрема и библиотечен фонд се детално опишани во прилозите на овој индикатор и уште попрецизно во индикаторот 6.3.

Во прилог 5.5.А. е даден список на простории со површина со кои располага факултетот

Во прилог 5.5.Б. е даден список од 334 единици информатичка опрема со која располага факултетот и нивната локација во одделните простории.

Во прилог 5.5.В е прикажан бројот на набавени наслови за библиотечен фонд, прецизно со наслови и автори, презентирани за петте години на извештајниот период и по одделни институти. Во периодот од 2019 до 2024 година вкупно се набавени изданија во вредност од над 2 милиони денари што ги покажува извонредните заложби на Факултетот за константно осовременување на библиотеките со актуелни и современи научни дела и друга помошна литература за студентите.

Бројот на набавени публикации (книги и списанија) за **2023** година изнесува **252982**.

**Прилози**

5.5.А Список на простории со кои располага Филозофскиот факултет - со податоци за површина

5.5.Б Список на информатичка опрема со локација во одделните простории

5.5.В Вкупен фонд на книги и списанија по библиотеки за сите студиски програми

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

Во 2023 и 2024 година се организирани обуки за можностите за финансирање на ЕУ програмите, како инфо денови за програмата Хоризонт Европа и одделни нејзини компоненти, како на пример, Widening Participation and Strengthening the European Research Area, и други.

Во март 2024 година дел од наставниците на Филозофскиот факултет – Скопје учествувале на работилница на тема: Отворена наука: придобивки и предизвици организирана од УКИМ Скопје. Подетални податоци за обуките се дадени во прилог 5.6.А.

**Прилози**

5.6.А. Список на обуки на наставниот кадар на ФЗФ 2023/2024

| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
|---|---|

Филозофскиот факултет има исклучително богата практика на гостувања на професори од други универзитети, како и мобилност на наставниот кадар од факултетот на странски универзитети. Вредно е да се спомене 45 годишната соработка на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет-Скопје со Јагелонскиот универзитет во Краков преку Краковско-Скопски (Скопско-Краковски) социолошки семинар кој се одржува секоја година од 1979 година до денес. Последниот Краковско-Скопски социолошки семинар се одржа во мај 2024 година.
Во академската 2023-24 година на Филозофскиот факултет гостувале 13 визитинг професори од светски универзитети од Данска, Чешка, Мароко, Словенија, Хрватска, Грција, Франција. Подетални биографски податоци за предавачите се дадени во прилогот 5.7.А.

**Прилози**
5.7.А. Список на поканети предавачи и мобилност 2023/2024

| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
|---|---|

Заложбите на Филозофскиот факултет-Скопје за унапредување на научната работа и зајакнување на поврзаноста меѓу наставата и науката се огледуваат во бројните апликации за домашни и меѓународни проекти, реализирани работилници, семинари, домашни и меѓународни конференции.
Во 2023-24 година Факултетот издвоил средства за членство за Студија за европски вредности, Евроклаcика, за Европската база на податоци и списанија (CEEOL), за Европското здружение за истражување од областа на образованието на возрасните (ESREA), Меѓународна асоцијација на школи за социјална работа и Европска асоцијација на школи за социјална работа (IASSW), Европската асоцијација на научни уредници (EASE), како и за академските CEEPUS мрежи.
Меѓународна недела претставува петдневен меѓународен интердисциплинарен форум, на кој преку предавања, промоции и дискусии се одбележуваат активностите и соработките кои Филозофскиот факултет ги остварува на меѓународен план. Идејата за меѓународната недела потекнува од потребата да им се овозможи на студентите поширока платформа за стекнување знаења и размена на мислења со професори и колеги од партнерски универзитети од Европа и светот.
Во изминатава година, факултетот беше вклучен во реализација на 12 научно-истражувачки проекти, од кои 8 меѓународни и билатерални проекти во партнерство со меѓународните организации, како: Обединетите Нации, Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП), и УНИЦЕФ и 4 национални проекти. Во 2023-24 година поднесени се апликации за 12 нови меѓународни проекти преку програмата Еразмус.
Поконкретно, во 2023/24 Филозофскиот факултет доби еден нов проект од европската програма CREA-CULT, еден билатерален проект преку Министерствата за образование на Северна Македонија и Австрија и два нови истражувачки проекти финансирани преку УКИМ и преку сопствени средства. Проектот „Војна“ (Guerre) преку програмата CREA-CULT ќе се реализира во период од 24 месеци, во партнерство со две истражувачки организации од Грција, Универзитетот во Белград, Србија и Етнолошкиот институт од Софија, Бугарија. Билатералниот проект насловен „Археолошки остатоци и резултати од научните истражувања на централните сили за Прилепско-Битолскиот регион во време на Првата светска војна“ ќе се реализира во периодот 01.01.2024 - 31.12.2025 во партнерство со Австриската академија за науки и Институтот за средновековни истражувања. Преку интегративните средства на УКИМ во 2024 година Филозофскиот факултет го реализира проектот „Креирање на индикатори за мерење на безбедноста во Република Северна Македонија и регионот“, додека преку сопствени средства на Филозофскиот факултет се реализира проектот „Користење на вештачка интелигенција за унапредување на родовата еднаквост во академските истражувања“.
Во 2023/2024 се постави основа за да се вклучи факултетот како носител во меѓународната мрежа за истражување на здравјето и добросостојбата на младите.
Континуирано Факултетот е издавач на 12 научни списанија и акттивно се залага за нивна индексација.
За подобрување на научната инфраструктура при Филозофскиот факултет, во учебната 2023-24 година, беше продолжена претплатата за е-списанијата чиј издавач е Cambridge University Press (базата Cambridge Core), како и за базата за академски трудови JSTOR. Во текот на 2023-23 година, научната е-инфраструктура вклучуваше пристап и до следните бази: MUSE на Johns Hopkins University, Sage Journals, Edward Elgar, EBSCOHost, ERIC и др.
Во 2023-24 година издадени беа дигитални кодови за идентификација (DOI) за броевите објавени во 2023-24 година, за седум списанија во издание на Филозофскиот факултет, и тоа: Годишен зборник, Ревија за социјална политика, Безбедносни дијалози, Психологија: наука и практика, Социолошка Ревија, Жива Антика и Религиски дијалог и соработка. Електронската ризница на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во континуитет се надополнува со научни трудови од вработените и студентите при Филозофскиот факултет.
Во 2023/24 година Филозофскиот факултет беше организатор на 6 меѓународни конференции, 2 регионални летни школи, како и голем број на

трибини, дебати и дискусии:
- 4-7 септември 2023, Дојран: „Времени безбедносни бранувања или нова светска архитектура на безбедноста, (Институт за безбедност, одбрана и мир);
- 14 до 16 септември 2023, Охрид: 6. Меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“, (Институт за специјална едукација и рехабилитација);
- 19 – 22 септември 2023 година, Охрид: Меѓународна конференција „Социјалната работа и социјалната политика во време на глобални кризи“ (Институт за социјална работа и социјална политика);
- 04-08 октомври 2023 година, Струга: 1st World Conference for Religious Dialogue and Cooperation (Центар за интеркултурни студии и истражувања);
- 23-27. октомври 2023, Белград: Прва Летна школа „Европско и балканско културно наследство” (Филозофски факултет, Универзитет во Белград и Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје);
- 03-05. јуни 2024, Skopje: Меѓународна научна конференција по повод 50 години Институт за психологија, „Нови хоризонти во психолошката наука и практика“;
- 10-14 јуни 2024, Скопје: Белград: Втора Летна школа „Европско и балканско културно наследство” (Филозофски факултет, Универзитет во Белград и Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје);
- 19-22 јуни, 2024, Струмица: Second World Conference for Religious Dialogue and Cooperation “Religion and politics: is secularization a myth or a reality?” (УНЕСКО Центар за интеркултурни студии и истражувања, УКИМ, Филозофски факултет).

**Прилози**
5.8.А. Меѓународна недела
5.8.Б. Тековни меѓународни преокти
5.8.В. https://hbsc.org/
5.8.Г. Меѓународни конференции 2023/2024 година
5.8.Д. Научни списанија

| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
|---|---|

Амфитеатрите и предавалните се опремени со видеопроектори кои им овозможуваат на наставниците одржување на настава со примена на современите информатички технологии (power point презентации, видео презентации и сл.).
На секоја од студиските програми се користат технологии за унапредување на знаењето. Така на пример на студиската програма Археологија се употребува 3D моделирање и виртуелни реконструкции за да се оживеат античките локалитети и артефакти, со што на студентите им се овозможува да истражуваат археолошки наоди дигитално. Студентите на студиската програма психологија се обучуваат да користат оналјан инструменти за проценка, да се оспособат да прават конкретни стратегии кои се употребуваат во применетата психологија. На студиската програма по Специјална едукација и рехабилитација, студентите се поттикнуваат на користење на интерактивни апликации за учење дизајнирани за деца со попреченост, што им овозможува на студентите да развијат приспособени образовни програми.

| Прилози | |
|---|---|
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| На Филозофскиот факултет задолжително се спроведува проверка на магистерските и докторските трудови на системот за проверка на плагијати од МОН како и на други трудови пред нивно публикување. Согласно етичкиот кодекс на УКИМ (Прилог 5.10.А. Етички кодекс, член 19 и 20), Филозофскиот факултет не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијат. Во процедурите за магистерски и докторски трудови се бара од кандидатите да поднесат соодветна изјава со која ја потврдуваат оригиналноста на трудот (Прилог 5.10.Б), а во спротивно може да бидат изложени на дисциплинска постапка.<br>Менторот е исто така должен да ја провери оригиналноста на трудот и истиот да го постави на проверка, а добиениот извештај да го приложи во одделението за втор и трет циклус како услов за натамошно процесирање на постапката. Доколку се утврди плагијаторство, на кандидатот нема да му се дозволи одбрана на трудот, делото ќе биде поништено и ќе биде постапено соодветно на актите на Универзитетот.<br>За проверка на плагијаторство дополнително од 2001/2022 година е овозможено и користење на софтверот за проверка на плагијати Turnitin, а на 8.11.2021 година беше организирана онлајн обука за користење на софтверот за сите вработени наставници на факултетот.<br>Трудовите кои се публикуваат во списанијата чиј издавач е Филозофскиот факултет исто така подлежат на проверка за плагијаторство преку користење на софтвер или преку оцена на рецензентска комисија. За проверка на оригиналноста на учебниците и монографиите не се достапни податоци и може да биде препорачано да стане практика во иднина. | |
| **Прилози**<br>5.10.А. Етички кодекс на Универзитетот<br>5.10.Б. Изјава на студентот дека трудот не е плагијат | |
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Во Статутот на УКИМ и Статутот на Филозофскиот факултет-Скопје се утврдени активностите поврзани со научно истражувачката работа, а кои се во согласност со законот за научно-истражувачка дејност. Наставно-научниот кадар на факултет континуирано придонесува за напредок во соодветните научни области, работењето на факултетот и поширокиот општествен контекст. | |
| **Прилози**<br>5.11.А. Статут на Филозофски факултет-Скопје<br>5.11.Б. Тековни меѓународни проекти<br>5.11.В. Извештај на деканот 2023/2024 | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |
| Наставниот кадар од Филозофскиот факултет-Скопје е регистриран со свој профил на онлајн платформите како што се веб страницата на Филозофски факултет, Репозиториумот на УКИМ, Google scholar, Research gate, ORCID, Academia и други платформи со цел сите активности во овој дел да бидат видливи. Научноистражувачките активности во рамките на установата се сумирани во извештаите за работата на Деканот, документ кој се подготвува еднаш годишно и се усвојува на Наставно-научниот совет на факултетот.<br>Резултатите од научно-истражувачката работа и проектите раководени од наставниот кадар се презентираат на бројни меѓународни конференции каде Факултетот се јавува како организатор или ко-организатор.<br>Во текот на академската 2023/24 година 20 професори од Филозофскиот факултет користеле мобилност преку програмите Еразмус и ЦЕПУС и гостувале со предавања на странски универзитети во Унгарија, Словенија, Бугарија, Хрватска, Полска и Романија. Подетални податоци за мобилноста се содржани во прилог 5.12.Б.<br>Остварени се и 137 појдовни мобилности на наставниот кадар по друг основ (учества на меѓународни конференции, проектни активности, | |

усовршување) од кои 92 мобилности во странство и 79 мобилности во државата. Во мобилностите реализирани во странство зеле учество 58 лица од наставно-научниот кадар при Филозофскиот факултет.

**Прилози**
5.12.А. Еразмус договори Филозофски факултет - Еразмус договори
5.12.Б. Мобилност на наставен кадар од ФЗФ- 2023-2024
5.12.В. ЦЕПУС мрежи на Филозофски факултет
5.12.Г. Инфо за меѓународни конференции
http://fzf.ukim.edu.mk/меѓународни-конференции/

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата однoсно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |

Активностите на Филозофскиот факултет се финансираат преку повеќе извори, вклучувајќи ги Министерството за образование и наука (МОН), сопствените приходи и приходите од закупнини. Во учебната 2023/24 година, забележано е зголемување на вкупните приходи, што е предизвикано од зголемените средства од МОН наменети за плати и режиски трошоци. Како резултат на ова, учеството на средствата од МОН во вкупното финансирање се зголемува, додека процентот на сопствени приходи се намалува, што е поврзано со намалувањето на бројот на запишани студенти. И покрај овој тренд, факултетот продолжува значително да придонесува кон финансирањето на наставните и научноистражувачките активности.
На почетокот на секоја година, факултетот подготвува финансиски план за сметките 788 и 631 во кој се планираат приходите и расходите. Според финансиските извештаи, иако буџетските средства се недоволни, факултетот дополнува многу активности поврзани со наставата и научноистражувачката дејност преку сопствени приходи. Финансирањето на научноистражувачката дејност е детално регулирано преку повеќе одлуки (прилогд 6.1.В, 6.1.Г и 6.1.Д). Овие одлуки опфаќаат поддршка за стручно и професионално усовршување на кадарот, студиски престои и мобилност на наставниот кадар, како и учество на конференции во земјата и странство. Дополнително, факултетот обезбедува значителни средства за издавачката дејност, вклучувајќи учебници, монографии и Годишниот зборник (77-мо издание).
Програмата за распределба на 40% од средствата од партиципација овозможува поддршка за фундаментални и применети истражувања, како и осовременување на научноистражувачката инфраструктура. Преку оваа програма, факултетот во текот на годината вложува повеќе од предвидените средства во развој на научноистражувачката дејност, финансирајќи пристап до научни бази, организирање конференции и учество на наставен кадар на меѓународни конференции. Од вкупните сопствени приходи на Филозофски факултет кои изнесуваат 58.086.915 денари за научно-истражувачка работа
(патувања, конференции, издаваштво, котизации, проекти на факслтетот) се издвоени вкупно 10.205.864 или 17.57%.
Вложените средства се прикажани во прилозите А, Б, Ѓ и Е кои се составен дел од годишниот финансиски извештај на факултетот.

**Прилози**
Прилог 6.1.А. Финансиски план сметка 631 2023
Прилог 6.1.Б. Финансиски план сметка 788 2023
Прилог 6.1.В. Одлука за стручно и професионално усовршување и доформување на образованието на вработените на Филозофскиот факултет - Скопје
Прилог 6.1.Г. Одлука за одобрување средства и организација на издавачката дејност на Филозофскиот факултет
Прилог 6.1.Д. Одлука за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проект
Прилог 6.1.Ѓ. Приказ на приходи по години и извори на финансирање
Прилог 6.1.Е. Извештај за реализираната распределба од средствата стекнати од партиципации

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, |

| | |
|---|---|
| информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Техничките капацитети на Филозофскиот факултет се целосно соодветни за успешно спроведување на студиските програми на сите нивоа, вклучувајќи библиотеки, предавални, лаборатории и современа информатичка опрема (Прилог 6:2.А). Во последниве години, набавена е различна информатичка опрема за поддршка на студентите и вработените при учење на далечина, како што е детално опишано во Прилог 6.2.В. Просториите се опремени со напредни технологии, како ЛЦД проектори, интерактивни табли и безжичен интернет, обезбедувајќи целосна техничка поддршка за наставниот процес и потребите на студентите.

За реализација на вежбите на студентите на студиската програма психологија и на специјална едукација и рехабилитација согласно наставните програми опремени се две лаборатории со информатичка опрема и друга специфична опрема како микроскопи, очила за симулирање на одредено оштетување на видот, бели стапови, тактилни сликовници и сл. За студентите на студиските програми од областа на образованието опремени се две предавални кои покрај информатичка опрема располагаат и со обемен дидактички материјал. За студентите од студиската програма филозофија целосно е реконструирана и опремена естетичката лабораторија. Во рамките на факултетот функционира и музејска збирка која ја користат студентите од студиските програми од областа на археологијата и историја на уметноста.

Факултетот континуирано ја модернизира својата информатичка опрема преку набавки и донации, овозможувајќи пристап за сите студенти и вработени, вклучително и лицата со посебни потреби (Прилог 6.2.С). Целата инфраструктура и опрема на факултетот е достапна за сите студенти, како и за наставниот и ненаставниот кадар, вклучувајќи ги лицата со посебни потреби. Факултетот постојано обезбедува дополнителни ресурси и специјализирана опрема, како што се Брајов принтер, 3Д принтер и други уреди, за поддршка на лицата со посебни потреби, прикажани во Прилог 6.2.D.

Како дел од својата традиција, Факултетот секоја година го одбележува 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, преку низа отворени активности. Овие настани се организираат со цел да се информираат и едуцираат студентите за правата, предизвиците и потребите на лицата со попреченост, поттикнувајќи свест и инклузивност во академската заедница.

Филозофскиот факултет е опремен со надворешна пристапна рампа и лифт за полесен пристап до вториот спрат за лицата со посебни потреби. Покрај тоа, има специјално уреден тоалет, пристапна рампа и платформа во аулата. Обележани се и тактилни патеки во внатрешните и надворешните простори на факултетот, обезбедувајќи подобра инклузивност за сите корисници.

Техничките ресурси на Факултетот се редовно одржувани и надградувани, со постојан мониторинг и годишни пописи на основни средства. Според Годишниот план за јавни набавки, секоја година се склучуваат договори за одржување на информатичката опрема и редовен сервис на лифтовите и платформите за лицата со посебни потреби.

Филозофскиот факултет има 12 библиотеки во рамките на секој институт, дел од Одделението за библиотечна поддршка, кои обезбедуваат литература за наставниот процес. Студентите имаат пристап до компјутери за пребарување бази на податоци преку Факултетот и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Со најбогатиот книжевен фонд во државата, Факултетот располага со 147.168 примероци, од кои 119.625 се книги, а 27.543 списанија, вредни 47.258.002 денари (Прилог 6.2.Е). Деталите за примероците по библиотеки се дадени во Прилог 6.2.F. Библиотеките се дел од Кобис платформата за заемна каталогизација и пристап до библиографски бази. Магистерските и докторските трудови се достапни преку Ризницата на факултетот, а дипломските се чуваат во библиотеките. Студентите и вработените имаат пристап до бази како EBSCO, JSTOR, CAMBRIDGE CORE, и SAGE JOURNALS, со линкови на веб-страницата на факултетот. Секој студент на прва година добива членарина за НУБ „Климент Охридски“, овозможувајќи пристап до најголемата библиотека.

**Прилози**

6.2.А Список на простории со површина со кои располага факултетот
6.2. Б. Информатички ресурси наменети за учење на далечина
6.2. В Информатичка опрема наменета само за студенти .
6.2. Г Информатички ресурси достапни за лицата со посебни потреби
6.2. Д. Регистар на имот и имотни листови
6.2.Ѓ. Библиотека Семејни студии - инвентарна книга
6.2.Е. Библиотека Семејни студии - инвентарна списанија
6.2.Ж. Библиотека Безбедност, одбрана и мир- инвентарна книга
6.2.З. Библиотека Безбедност, одбрана и мир- инвентарна списанија
6.2.Ѕ. Библиотека Специјална едукација- инвентарна книга
6.2.И. Библиотека Специјална едукација- инвентарна списанија
6.2.Ј. Библиотека Историја- инвентарна книга

6.2.К. Библиотека Историја- инвентарна списанија
6.2.Л. Библиотека Педагогија- инвентарна книга
6.2.Љ. Библиотека Педагогија- инвентарна списанија
6.2.М. Библиотека Родови студии- инвентарна книга
6.2.Н. Библиотека Родови студии- инвентарна списанија
6.2.Њ. Библиотека Социјална работа- инвентарна книга
6.2.О. Библиотека Социјална работа- инвентарна списанија
6.2.П. Библиотека Депо Предавална 6- инвентарна книги
6.2.Р. Библиотека Издавачка дејност- инвентарна книги
6.2.С. Библиотека Депо Предавална 7- инвентарна книги
6.2.Т. Попис на набавени книги и списанија во изминати пет години 2019-2023 година по библиотеки
6.2.Ќ. Вкупен фонд на книги и списанија по библиотеки за сите студиски програми
6.2.У. Одлука за одобрување средства и организација на издавачката дејност на Филозофскиот факултет

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Стручната и административна служба на Филозофскиот факултет, раководена од Секретарот, е составена од пет одделенија: за правни и општи работи, финансии, студентски прашања, човечки ресурси и библиотечно работење. Од 54 систематизирани работни места, пополнети се 40, со 31 лице во редовен работен однос и 9 ангажирани со договор за дело. Од вкупниот број, 29 се дел од стручно-административниот кадар, а 11 се помошно-технички персонал (Прилог 6.3 А).
Одделението за студентски прашања има 7 вработени, вклучувајќи соработник за е-индекс и 12 ЕКТС координатори за секој институт, кои обезбедуваат поддршка за сите студиски циклуси, прилагодувајќи се на флексибилните начини на учење. Иако службата е добро екипирана, се прават напори ангажираните со договор за дело да добијат трајни позиции. Вработените и координаторите им помагаат на студентите преку електронска комуникација и отворени часови. Редовните студенти се примаат секој ден од 12 до 14 часот, а вонредните и студентите од втор и трет циклус имаат целодневен пристап. Благодарение на софтверот iKnow, службите ефикасно одговараат на сите студентски потреби.
Вработените во Стручната и административна служба на Филозофскиот факултет редовно учествуваат во обуки за стручно усовршување, што ја покажува посветеноста на менаџментот кон нивниот професионален развој. Овие обуки се насочени кон надградување на вештините и стекнување нови стручни знаења за подобро извршување на работните задачи. Во март 2023 година беше реализирана обука на тема „Дипломатски и деловен протокол" (Прилог 6.3.Д), насочена кон студентите и административниот кадар, за подобра подготовка и организација на настани и активности на факултетот. Дополнително, вработените имаа и специфични обуки поврзани со нивните секојдневни задачи, а за сите обуки се добиени сертификати (Прилог 6.3.В).

**Прилози**
6.3.А. Листа на вработени лица во Стручната и административна служба со работно место и степен на образование и лица ангажирани со договор за дело
6.3.Б. Листа на вработени лица во Стручната и административна служба кои посетувале обуки во минатите пет години
6.3.В. Сертификати и потврди за реализирани обуки во минатите пет години
6.3.Г. Одлука за стручно усовршување и професионално усовршување и дооформување на образованието на вработените на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав на Универзи тетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
6.3.Д. Табела со обуки на административен кадар за 2023 година

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Во учебната 2023/2024 година, Филозофскиот факултет успешно реализира научно-истражувачки проект: „Користење на вештачка интелигенција за унапредување на родовата еднаквост во академските истражувања“ во кој партиципираат студенти од Институтот за родови студии.
За одбележување е масовната вклученост на студентите од педагогија во рамки на повеќе проекти што ги раководат членовите на Институтот. Така на пример, во проектот Anchoring Multiethnic Youth Work in the University Curriculum for Future Teachers, Civil Peace Service Project во текот на изминатите години се вклучени над 100 студенти со повеќекратни обуки и работилници.
Во 2023-24 година 10 нови студенти поминаа обуки за мултикултурно образование.
Во проектот Play and life skills (Pals) во 2023-24 година беа вклучени 13 студенти од Институт за педагогија кои имаа работилници и обуки за животни вештини.
На Институтот за филозофија се ангажирани студенти на меѓународниот КА2 ERASMUS+ project - SOPHIE Philosophy with Children for Wider Social Inclusion, Филозофија со деца за поширока социјална инклузија“. (2022-2024).
Покрај директното учество на студентите во научно-истражувачките проекти, значителен број студенти од прв, втор и трет циклус на студии на Филозофскиот факултет се вклучени индиректно во научно-истражувачката работа. Тие учествуваат како дел од проектни тимови, фокус групи во различни истражувања спроведени од наставниците и други активности, што дополнително го поттикнува нивниот академски развој и ангажман во истражувачката дејност на факултетот.

**Прилози**
6.4.А. Список на студенти вклучени во проекти 2023/2024

| | |
|---|---|
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години; Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

Центарот за кариера на Филозофскиот факултет нуди поддршка на студентите преку организирање на практична настава во институции и од финансискиот и корпоративниот сектор и посредува во можностите за вработување. Центарот редовно ги информира студентите за огласи за вработување и практиканство, како и за обуки преку социјалните мрежи и веб страната на факултетот.
Меѓу активностите што ги координира Центарот се:

- Обуки за пишување CV и подготовка за интервјуа;
- Договори за практична настава за студентите од прв циклус;
- Поддршка за мобилност преку меѓународни програми како ЕРАЗМУС+ и ЦЕЕПУС;
- Практикантства во компании како ЕСМ, FASHION GROUP, РАМСТОР и други;
- Градење на мрежа на алумни за одржување професионални контакти и промоција на програмите;
- Волонтерски активности како „Отворен ден“ и учество на саеми за образование.

Во 2022 година, факултетот отвори и канцеларија за ментално здравје, каде дипломирани и студентите од завршните години нудат работилници, бесплатни сесии со психолози и стручни прирачници. Целта е да се подигне свеста за менталното здравје и да се намали стигмата поврзана со оваа тема, обезбедувајќи практична поддршка за младите.

**Прилози**
6.5 А Центар за кариера

| | |
|---|---|
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо); Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо); Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; Доказ дека системот е функционален. |

Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се гордее со своите студенти и алумни. Во последниве години се вложени напори за подобра евиденција и поактивно вклучување на алумните, иако сè уште не е воспоставен функционален систем. На веб-страницата на факултетот е поставен линк каде дипломираните студенти можат да достават информации за нивниот професионален развој по дипломирањето. Целта е да се изгради одржлива и меѓународна мрежа на алумни, која ќе биде корисна за одржување на професионални контакти и промоција на факултетските програми и иницијативи.
Создавањето на мрежата на алумни е во почетна фаза, што дава можност за активно вклучување на сите членови во обликувањето на процесот. Алумните се поканети да достават информации како име, презиме, година на дипломирање, организација каде работат и предлози за подобрување на комуникацијата. Некои институти, како Институтот за педагогија, веќе имаат изработено обемни електронски бази на податоци за своите дипломирани студенти. Институтот за социологија исто така има база на податоци, но комуникацијата со алумните главно се одржува преку Здружението на социолози на Република Македонија. Меѓутоа, повеќе институти укажуваат на недостаток на мрежа на алумни и евиденција, што го сметаат за слабост и предизвик кој треба да се надмине во иднина.
Од 2022 година, Институтот за филозофија, во соработка со Филозофското друштво на Македонија, започна циклус на предавања наречен „Алумни“. Овој циклус е насочен кон поранешни студенти на Институтот кои имаат изградено успешни меѓународни кариери и работат како

предавачи и истражувачи на престижни универзитети ширум светот, од Далечниот Исток до САД. Целта на овие предавања е да ги претстават своите истражувања пред македонската интелектуална јавност, воведувајќи ги новите трендови во светската филозофија и отворајќи можности за соработка со странски академски институции. Во учебната 2023/2024 Д-р Јорданчо Секуловски, Temple University Japan, го одржа своето предавање „Етиката на Тецуро Вацуџи: Ката како мета-аксиома на знаењето во Јапонија“.
Овие предавања ја збогатуваат академската сцена и ги поврзуваат македонските студенти со глобалните трендови во науката..
Филозофскиот факултет ги ангажира своите алумни преку презентации на магистри и доктори на наука, кои ги претставуваат своите трудови. Алумните кои имаат објавено значајни книги и студии преку меѓународни издавачи, ги презентираат своите истражувања, зајакнувајќи ја врската помеѓу факултетот и своите поранешни студенти.

**Прилози**
6.6 Повик за алумни

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Учеството на студентите во управувањето на Филозофскиот факултет е регулирано со Законот за високо образование. Според член 37, став 10, Факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со законот и со статутите на универзитетот и факултетот. Дополнителни одредби за членството на студентите се предвидени во одделни членови, како што е член 109, кој предвидува учество на студентски претставници во Наставно-научниот совет, каде студентите сочинуваат 10-15% од вкупниот број на членови. За Деканатската управа, член 120 од Законот и член 74 од Статутот на факултетот предвидуваат дека претседателот на Студентското собрание е постојан член на Деканатската управа. Иако во моментот нема назначен студентски правобранител, поради недоволен интерес во претходниот конкурс, во тек е подготовка за нова постапка за избор. Студентските активности организирани од Факултетското студентско собрание (ФСС) се детално наведени подолу, вклучувајќи и учество на настани како „Филозофијада 2023“ во Будва, со 1200 студенти од 19 факултети од регионот. Факултетот постојано ги поддржува активностите на студентските здруженија регистрирани на факултетот.
Организирани се следните настани:
- Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет ја организираше третата студентска конференција „МЕЕТ“ на 12. X 2023;
- од 23. до 27. октомври 2023, 15 студенти учествуваа на Прва летна школа „Европско и балканско културно наследство” на Филозофски факултет, Универзитет во Белград;
- од 10. до 14 јуни 2024, 10 студенти учествуваа на Втора Летна школа „Европско и балканско културно наследство” во Скопје организрарана заедно со Филозофски факултет, Универзитет во Белград;
- на 9. мај 2024 г. студентите од Институтот по филозофија организираа студентска конференција на тема: „Филозофија на јазикот“;
- студентите од Институтот по семејни студии во соработка со ФСС организираа научна трибина и детска работилница по повод Меѓународниот ден на семејството.
Факултетот редовно ги поддржува и активностите на студентските здруженија кои се регистрирани со седиште на факултетот. Особена активност покажаа студентите од Здружението „Психеско“: со одржување на „EFPSA Say“ на 6. XII 2023 г. како дел од проектот „Подобри заедно“.

**Прилози**
6.7.А.Статут на факултетското студентско собрание
6.7.Б Одлука за избор на членови на ФСС
6.7.В Одлука за избор на претседател на ФСС
6.7 Г. Психеско

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Филозофскиот факултет – Скопје користи различни медиумски и технолошки платформи за информирање на студентите и пошироката јавност за академските програми и активностите на факултетот. Преку веб-страницата на факултетот и профилите на LinkedIn, Facebook, Instagram и YouTube, се објавуваат информации за студиски програми, меѓународна соработка, студентска мобилност и различни настани. Дополнително, факултетот организира Отворени денови и учествува на Деновите на кариера, овозможувајќи им на студентите директен пристап до информации за образовните и професионалните можности. Студентите активно ги користат и профилите на социјалните мрежи на одделните институти, а Факултетското студентско собрание ги информира студентите за своите активности преку социјалните медиуми (Facebook и Instagram).

**Прилози**

# Стандард 7

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.</td><td>Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Филозофскиот факултет користи IKnow систем за прибирање и анализа на податоци за студиските програми, акдемиските постигнувања на студентите и административните активности. Податоците за број на запишани студенти, оценки, дипломирања и магистратури редовно се ажурираат и користат за следење на квалитетот на наставата. Факултетот користи и резултати од студентските анкети за да ги подобри студиските програми.<br>За прибирање, анализа и користење на информации за научно истражувачката работа на наставниот кадар на Факултетот се користи Репозиториумот или Ризницата на научни трудови на УКИМ кој претставува исклучително вредна и обемна збирка на записи за научниот опус на Универзитетот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози</td></tr>
<tr><td>7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.</td><td>Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Филозофскиот факултет го користи системот IKnow за собирање и обработка на податоци поврзани со студентите, студиските програми, нивниот напредок и стапката на отпишување.<br>Во првата половина на 2024 година, факултетот спроведе три анкети со студенти и две со наставен кадар.Сите собрани податоци се дел од годишниот извештај на Факултетот, кој се усвојува од Наставно-научниот совет и е достапен на веб-страницата на факултетот како дел од процесот на самоевалуација. Овие податоци се користат за планирање на промотивни активности, подобрување на наставата и условите за студирање, како и зајакнување на меѓународната соработка и соработката со приватниот сектор.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>7.2.А. Резултати студентска евалуација –просечни оцени по институти ФЗФ 2024<br>7.2.Б. Резулати од студентска евалуација- текстуални одговори ФЗФ 2024</td></tr>
<tr><td>7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.</td><td>Информација за значајни настани, активности и процеси.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Филозофскиот факултет годишно организира бројни настани и активности, насочени кон подобрување на образовниот процес, научно-истражувачките иницијативи и меѓународната соработка. Сите значајни настани и активности се внимателно документирани во Годишните извештаи и редовно се објавуваат на ажурираната веб-страница на факултетот. Собраните податоци се анализираат и разгледуваат на Деканатската управа и Наставно-научниот совет, при што се донесуваат стратешки одлуки базирани на овие информации</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози<br>7.3 Годишен извештај 2023/2024</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Во согласност со Законот за заштита на лични податоци и Статутот на Филозофскиот факултет – Скопје, факултетот презеде мерки за заштита на личните податоци преку бројни акти и процедури. Овие вклучуваат управување со лозинки, права на пристап, видео надзор, интернет сигурност, и бекап на податоци. Дополнително, донесени се правила за пријавување инциденти и уништување на документи, со цел да се осигура целосна безбедност и усогласеност со законските стандарди.
Филозофскиот факултет во Скопје, УКИМ, посветено се грижи за заштитата на личните податоци на своите студенти, целосно усогласувајќи го своето работење со Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 42/2020, 294/21"). При објавување на резултатите од испитите, податоците се анонимизираат и се прикажуваат исклучиво преку бројот на индексот на студентите. Личните податоци се безбедно чуваат во персоналните досиеја, до кои пристап имаат само овластени лица, обезбедувајќи висок степен на заштита и доверливост.
Дополнително, во согласност со Законот и Статутот, факултетот донесе бројни акти и процедури за заштита на личните податоци. Овие мерки вклучуваат управување со лозинки, права на пристап, видео надзор, интернет сигурност и бекап на податоци. Исто така, донесени се правила за пријавување инциденти и уништување на документи, со цел да се обезбеди целосна усогласеност со законските стандарди и максимална безбедност на информациите

**Прилози**
7.4.А ПОЛИТИКА за интернет сигурност на канцелариски уреди и и Е-пошта на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Б ПЛАН за пријавување, реакција и санирање на инциденти до Агенцијата за заштита на личните податоци
7.4.В ПОЛИТИКА за управување и ангажирање на обработувачи на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Г ПОЛИТИКА на приватност на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Д ПРАВИЛНИК за начинот на обработка на личните податоци на лица ангажирани на проект
7.4.Ѓ ПРОЦЕДУРА за активностите на Офицерот за заштита на личните податоци
7.4.Е ПРОЦЕДУРА за остварување на права на субјектот на лични податоци
7.4.Ж ПРОЦЕДУРА за управување со и употреба на лозинки на Филозофскиот факултет - Скопје
7.4.З. ПРОЦЕДУРА за физички, технички и организациски мерки на Филозофскиот факултет - Скопје
7.4.Ѕ. Процедура за сигурносна копија (бекап) на личните податоци на Филозофскиот факултет во Скопје
7.4.И. КОНЦЕПТ за лог записи на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Ј. ПРАВИЛНИК за начинот на вршење на видео надзор
7.4 К. ПРОЦЕДУРА за управување со правата на пристап на Филозофски факултет во Скопје
7.4.Л. Правила за начин на уништување на документи, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| ИНДИКАТОР | ДОКУМЕНТАЦИЈА |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

Филозофскиот факултет-Скопје редовно ги објавува и ажурира информациите за студиските програми и активности на својата веб-страница и социјалните медиуми: Фејсбук, Инстаграм и Линкдин. Повеќето институти имаат свои страници, а факултетот често организира промотивни настани, за кои информации се објавуваат на сите платформи. Комисијата за односи со јавност работи на зголемување на видливоста и дистрибуција на информации. Дополнително, YouTube каналот на факултетот презентира медиумски гостувања на професори, каде тие дискутираат за актуелни општествени теми.
На 12.4.2024 година, на платото на Општествениот кампус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се одржаа „Отворениот ден и Кариерниот ден на УКИМ". Штандот на Филозофскиот факултет го посетија многубројни средношколци кои изразија интерес за продолжување на своето образование. Идните студенти имаа можност да се сретнат со професорите и да се запознаат со студиските програми на факултетот.
Факултетот учествуваше на „Саемот за образование и кариера", организиран од Младинскиот центар во Охрид, проект инициран од градот Охрид, за претставување на образовните и кариерните можности на матурантите од

општината. Комисијата за односи со јавност во текот на годината вршеше презентација на студиските програми низ средните училишта низ целата држава.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

На Филозофскиот факултет -Скопје редовно се објавуваат сите релеватни информации за студиските програми, критериумите за упис, целите на учењето, постапките кои се применуваат во наствата, учењето и оценувањето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за сите три циклуси на студии.
Линк до Статут на Филозофскиот факултет
Линк до Решение за акредитација почеток со работа на прв циклус студии: Филозофија; Историја; Историја со архивистика; Класична филологија; Старогрчки јазик и античка книжевност; Латински јазик и античка книжевност; Историја на уметност; Археологија; Социологија; Педагогија; Психологија; Андрагогија; Социјална работа и политика; Специјална едукација и рехабилитација; Безбедност одбрана и мир; Приватна и корпоративна безбедност; Родови студии; Семејни студии; Меѓународни и интеркултурни студии.
Линк до Решение за акредитација и почеток со работа на втор циклус студии
Линк до Решение за акредитација и почеток со работа на трет циклус студии: Педагогија; Дефектологија; Социологија; Психологија; Безбедност; Историски науки; Филозофија; Историја на уметност и археологија; Класична филологија.
Линк до Акт за систематизација
Линк до Деловникот за работа на наставно-научниот совет
Линк до Правилникот за плати и надоместоци на единицата
Линк до Извештаи и одлуки за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот
Линк до Распоред на работни задачи (прв циклус, втор циклус)
Линк до Завршна сметка
Линк до прифатени теми за магистерски трудови
Линк до прифатени теми за докторски студии
Линк до одбранети магистерски тези
Линк до Етички кодекс
Линк до Годишен извештај за 2023-2024

**Прилози**
**8.2.А. Решенија за акредитација на програми од прв циклус**
**8.2.Б. Решенија за акредитација на програми од втор циклус**

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е применливо). |

Резултатите од научноистражувачката дејност на Филозофскиот факултет, УКИМ, се континуирано објавувани на официјалната веб-страница (прв циклус, втор циклус, трет циклус, доквалификација) овозможувајќи јавноста и академската заедница да имаат транспарентен пристап до најновите академски достигнувања и истражувања. Исто така, секоја докторска дисертација се објавува на веб-страницата пред одбраната, со цел да се промовира академска отвореност и интегритет.
Линк до одбранети докторски дисертации (пред докторската школа)
Линк до објавени докторски дисертации на Докторската школа

**Прилози**

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

Во учебната 2023/2024 година, во рамките на зимскиот и летниот семестар, четири студенти од Филозофскиот факултет користеа мобилност како дел од програмите Еразмус+ и ЦЕПУС :
Мартина Депиновска, Институт за психологија, Mykolas Romeris University, Lithuania зимски семестар 2023/2024 година
Матеа Поповска, Институт за педагогија, University of Zagreb, зимски семестар 2023/2024 година
Дена Филиповска, Институт за психологија, University of Sapienza, летен семестар 2024 година
Томче Настевски, Институт за специјална едукација и рехабилитиција, University of Zagreb, летен семестар 2024 година.
Појдовна мобилност (по друг основ, летни школи и проекти) на универзитети во странство реализираа 17 студенти од факултетот.
Според член 21 од Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по завршување на мобилноста, студентот до Филозофскиот факултет доставува договор за учење и транскрипт на оценки за пренос на кредити и оценки. Деканот донесува решение, а овластено лице ги внесува податоците во индексот и е-досието. Кредитите од положените испити преку мобилност се признаваат во соодветниот семестар. Во табелата 9.1.А. се внесени подетални податоци за реализираните мобилности во 2023-24 година.
Можностите за мобилност ги користат и студентите од трет циклус за реализирање на истражувачки престој на странски универзитети.
Во март 2024 година едномесечен престој на Универзитетот во Грац реализираше докторантката Марија Карадаковска од студиската програма по педагогија.
Процентот на студенти што користеле мобилност од вкупниот број студенти на прв циклус изнесува 1.1 %, а на трет циклус 4%.

**Прилози**
**9.1** **Линк до Правилник на УКИМ за прв и втор циклус студии**
**9.1.А. Список на студенти што реализирале мобилност**

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационали-зација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Филозофскиот факултет во Скопје, УКИМ, преку продеканот и Комисијата за меѓународна соработка, активно работи на интернационализација на академските активности. Воспоставувајќи партнерства со реномирани универзитети од целиот свет, факултетот промовира и организира меѓународни конференции, семинари и летни школи, кои играат значајна улога во неговиот научен развој и академски углед. Зајакнување на меѓународната соработка преку поголема интегрираност во Европскиот простор за високо образование и воспоставување соработка со реномирани универзитети од светот се едни од основните насоки кон кои се движи Факултетот.
Членовите на Комисијата за меѓународна соработка и наука реализираат активности за воспоставување и остварување контакти со професори од реномираните универзитети и високообразовни институции од сферите на општествените науки и хуманистичките дисциплини кои би имале за цел организирање меѓународни конференции и научни собири, семинари, летни школи и слични активности. Притоа, членовите на Комисијата во извештајниот период биле вклучени во организација на меѓународни научни собири, вршеле одговорна улога како членови на редакциски одбори на меѓународни периодични изданија, учествувале во реализацијата на меѓународни проекти и објавиле значајни научни трудови во меѓународната периодика или во научните списанија со меѓународен редакциски одбор. Покрај тоа, тие учествуваат во бодирањето на пристигнатите проекти на конкурсот за научно-истражувачки проекти на УКИМ и реализираа поголем број меѓународни активности од истражувачки, едукативен и оперативен карактер.

**Прилози**

**9.2.А.** Извештај од Комисијата за меѓународна соработка 11-2023
**9.2. Б.** Записник од комисијата за меѓународна соработка за конкурс за проекти 2023

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

| | |
|---|---|
| финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | |

Системот за финансирање на научноистражувачката дејност и меѓународна соработка на Факултетот е сеопфатен и ефикасен и е регулиран со Одлуката за стручно и професионално усовршување и дооформување на образованието на вработените на Филозофскиот факултет – Скопје, со Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати на вработените на Филозофскиот факултет-Скопје, со Одлуката за одобрување средства и организација на издавачката дејност на Филозофскиот факултет и со Одлуката за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проект.
Од финансиските извештаи за сите три сметки со кои располага факултетот (дадени се во Прилог 9.3) се забележува дека средствата кои се издвоени од буџетот се недоволни за ефикасно функционирање на факултетот, поради што многу активности поврзани со реализација на меѓународна соработка се надополнуваат од сопствените приходи.
Согласно Одлуката за стручно и професионално усовршување и дооформување на образованието на вработените им се одобруваат финансиски средства за дооформување на високото образование на сите три циклуси, кое опфаќа усовршување на знаења и специјализирање на вештини за одредени научни области со стекнување одреден степен на квалификации. Потоа се овозможува студиски престој, мобилност на наставниот кадар (визитинг професори; мобилност за оддржување на настава и други видови на мобилност во областа на високото образование и научно-истражувачката работа (CEEPUS, ERASMUS и др.), учество на еден настан во странство со еден прифатен труд или друга форма на учество во износ од максимум 500 евра, учество на меѓународна конференција во организација на факултетот или матичниот институт со прифатен труд, учество на еден настан во земјата со еден прифатен труд или друга форма на учество во износ од максимум 300 евра, за објавен научен труд регистриран во базата Clarivate Analytics еднаш годишно му се исплаќаат парични средства во висина од една просечна исплатена нето плата во Р. С. Македонија.
На почетокот на секоја година Факултетот носи Програма за распределба на 40% од средствата од партиципација за фундаментални и применети истражувања, осовременување на научноистражувачката инфраструктура и инвестиции и инвестиционо истражување, оспособување и усовршување на кадрите за научноистражувачка работа и за научноистражувачки проекти.
Во прилог е прикажан извештај за распределба на средствата од партиципација за 2023 година.
Од вкупните сопствени приходи на Филозофски факултет кои изнесуваат 58.086.915 денари за научно-истражувачка работа (патувања, конференции, издаваштво, котизации, проекти на факслтетот) се издвоени вкупно 10.205.864 или 17.57%.

**Прилози**
**9.3** Линк од завршна сметка 2023
9.3.А. Табела за распределба на средства за меѓународна соработка 2023
9.3.Б. Извештај за распределба на средства 2023

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Филозофскиот факултет во Скопје активно ја проширува својата Еразмус+ мрежа, склучувајќи и обновувајќи договори со над 100 универзитети од 20 држави, обезбедувајќи повеќе можности за мобилност. Во текот на 2023/24 година Филозофскиот факултет преку Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ потпиша 4 нови Еразмус договори за билатерална академска мобилност и обнови 12 истечени Еразмус договори. Заклучно со крајот на учебната 2023/24, факултетот има вкупно 103 потпишани Еразмус договори.

Во рамките на ЦЕЕПУС програмата, факултетот членува во шест мрежи и е единствената високообразовна институција во државата која има координаторска улога во мрежата ЦЕСПАСВОН.

Научно-истражувачките проекти се значаен дел од активностите на Филозофскиот факултет, со акцент на нивниот меѓународен карактер. Факултетот учествува во проекти преку програмите Хоризонти и Еразмус+, како и во билатерални проекти во партнерство со меѓународни организации како Обединетите нации, УНДП, УНИЦЕФ и други. Во прилог е достапен линк со тековните меѓународни проекти на Филозофскиот факултет - Скопје.

Од учебната 2018/19 година, Филозофскиот факултет ја започна организацијата на Меѓународна недела, која брзо прерасна во реномиран петдневен интердисциплинарен форум. Овој настан е фокусиран на промовирање на меѓународните соработки на факултетот преку предавања, дискусии и презентации на актуелни академски и научни теми. Форумот создава широка академска платформа за студентите, овозможувајќи им да разменуваат знаења со истакнати професори и колеги од светски универзитети. Настаните се одржуваат на англиски јазик, а предавачите обработуваат клучни општествени теми преку интердисциплинарен пристап. Форумот е отворен за студенти од сите нивоа на студии. 6-тата Меѓународна недела на Филозофскиот факултет, одржана во февруари 2024 година, беше фокусирана на улогата на вештачката интелигенција (AI) во хуманистичките и општествените науки. Истакнати професори од различни земји дискутираа за предизвиците и влијанијата на

AI во образованието, човековата автономија и меѓународната безбедност. Учесниците од Данска, Србија, Мароко, Словенија, Хрватска и Шпанија презентираа иновативни истражувања за примената на AI во историјата, глобалната безбедност и етиката во социјалната работа. Форумот заврши со плодна размена на идеи за етичката примена на AI и неговата способност да трансформира различни научни дисциплини.

До јули 2024 година, Филозофскиот факултет коорганизираше три меѓународни конференции, додека во 2023 година успешно организираше пет вакви настани.

Исто така, факултетот учествуваше во организацијата на летната школа „Европско и балканско културно наследство," одржана во Белград од 23 до 27 октомври 2023 година, со што дополнително се зајакна меѓународната соработка во областа на културното наследство.
**Линк летна школа во коорганизација со Филозофскиот факултет во Белград: http://fzf.ukim.edu.mk/%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%BA-%D0%B7%D0%B0-%D0%BB%D0%B5%D1%82%D0%BDa-%D1%88%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D0%B0-%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%BE%D0%BF%D1%81%D0%BA%D0%BE-%D0%B8-%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%B0/**

Во текот на **академската 2023/24** година **20 професори** од Филозофскиот факултет **користеле мобилност** преку програмите Еразус и ЦЕПУС и гостувале со предавања на странски универзитети во Унгарија, Словенија, Бугарија, Хрватска, Полска и Романија. Подетални податоци за мобилноста се содржани во прилог 9.4.Г.
За одбележување е дека во учебната 2023/24 година се зголеми бројот на дојдовни мобилности од странски студенти преку програмите ЕРАЗМУС+ и ЦЕЕПУС. Па така, во периодот од 21.05-26.05.2024 год., 38 студенти од Филозофскиот факултет во Ријека, Хрватска оствaрија ЕРАЗМУС студентска мобилност на Филозофскиот факултет во Скопје. Исто така, во рамки на ЦЕЕПУС мрежата Биоетика (AT-0502-14-2324 – Bioethics) 14 студенти од Универзитетот Јосип Јурај Штросмаер од Осијек, Хрватска реализираа еднонеделна мобилност за време на 6. Меѓународна недела (19-23.02.2024). Преку ЦЕЕПУС мрежата Централно европска мрежа за социјална работа и социјална политика (MK-1409-05-2324), 10 студенти од Универзитетот ЕЛТЕ од Будимпешта, Унгарија го посетија Филозофскиот факултет во периодот од 13.05-17.05.2024 година.

**Прилози**
**9.4.А.** Линк до Еразмус договори
9.4.Б Линк до Меѓународни проекти
9.4.В. ЦЕПУС мрежи на ФЗФ 2023-24
9.4.Г. Мобилност на наставен кадар 2023-24

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

Филозофскиот факултет-Скопје е вклучен во повеќе активности на полето на меѓународната соработка со цел вмрежување на наставно-научниот кадар и студентите и привлекување наставници и студенти од странство.
Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува, при тоа најголем дел се од соседните земји.
Во академската **2023-24** година на Филозофскиот факултет гостувале **13 визитинг професори** од светски универзитети од Данска, Чешка, Мароко, Словенија, Хрватска, Грција, Франција. Подетални биографски податоци за предавачите се дадени во прилогот 9.5.А.

Покрај ова, со членувањето во COST, CEEPUS, ERASMUS мрежите, Филозофскиот факултет-Скопје често е домаќин на странски професори кои во рамките на овие програми доаѓаат во Скопје на работни состаноци во врска со проектни активности, дел од нив држат предавања за студентите на факултетот и слично.
Во наведениот период се реализираа повеќе меѓународни настани со цел промоција на факултетот во меѓународни рамки. Во овој контекст можеме да го истакнеме следните активности:

1) Меѓународни конференции ко/организирани од Филозофскиот факултет-Скопје:
- 2024 година (до јули) – 3 меѓународни конференции
- 2023 година – 5 меѓународни конференции

**Листа на ко/организација на меѓународни конференции:**
**http://fzf.ukim.edu.mk/me%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%B8-%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D1%84%D0%B5%D1%80%D0%B5%D0%BD%D1%86%D0%B8%D0%B8/**

2) Меѓународна недела

**Во 2023-2024 година на докторски студии се запишани 6 странски студенти**, по двајца на програмите Историја на уметност и археологија и Педагогија, и по еден на програмите Психологија и Дефектологија. Процентот на странски студенти од вкупниот број запишани студенти на докторски студии изнесува **26%**.

| |
|---|
| |
| **9.5.А.** Список на поканети предавачи и мобилност 2023-24 |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

**Пример 1**

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, ___________________________со ЕМБГ ___________________________, одговорно лице во високообразовната установа______________ изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа ____________________________за периодот ___________________________се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

___________________________
(име и презиме)

___________________________
(своерачен потпис)

**Пример 2**

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| *Овој дел го пополнува високообразовната установа*<br><br>**Пример на одговор:** *Установата еднаш годишно спроведува евалуација (360 степени) во кои се опфатени наставниот кадар, студентските служби и управата. Евалуацијата се спроведува во форма на анкета во електронска форма во декември (за предметите од зимскиот семестар) и април (за предметите од летниот семестар), најчесто во 11 недела на наставата). Просечното задоволство на студентите од наставниот кадар во учебната 2021/22 година изнесуваше 80%. Прашалникот за евалуација опфаќа 30 прашања кои ги подготвува Комисијата за евалуација на установата. Годишниот календар за активности поврзани со евалуација беше усвоен на седницата на Наставно – научниот совет одржана на 21.9.2021 година.* | |
| **Пример за прилози**<br>Прилог 1.2. А. Прашалник од евалуација (се вметнува линк до документот поврзан со прашалникот. Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи).<br>Прилог 1.2..Б. Годишен календар на активности за 2020/21 година (се вметнува линк до документот поврзан со годишниот календар на активности  Документот треба да е зачуван во фолдерот со сите останати документи)<br>И др. | |

Прилог 2 - Преглед на потребна документација за утврдување на исполнетоста на стандардите[5] и индикаторите[6] за квалитет во високото образование[7]

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **ИНДИКАТОР** | **ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

[5] Во стандардите 2 ,3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите за секоја студиска програма акредитирана на високообразовната установа.
6 За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните пет години.
7 По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

| | |
|---|---|
| евалуација е јасно демонстриран.[8] | |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |
| Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

8 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| | |
|---|---|
| Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[9] |
| Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |
| Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |
| Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |
| Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |
| Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |
| Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

9 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| | |
|---|---|
| Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |
| Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[10] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |

10 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2.т.21.од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[11]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно - научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . |

11 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| следи техничките вештини на наставниот кадар. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |
| Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| Установата има политика/документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научноистражу-вачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |
| Техничките ресурси на установата (библиотеки, лабораратории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен |

| | |
|---|---|
| Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |
| Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |
| Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период буџет) за последните пет години. |
| Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо) |

| | |
|---|---|
| за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Доказ дека системот е функционален. |
| Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |
| Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |
| Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. |

| | |
|---|---|
| располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |
| Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |
| Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |
| Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |
| Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |
| Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси |

| | |
|---|---|
| странски студенти се зголемува. | на студии во изминатите пет години. |

Прилог 3 - Образец за индивидуален извештај

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование

# ИНДИВИДУАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ОД НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА

| ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ | |
|---|---|
| **Назив на установата** | |
| **Седиште** | |
| **Член на стручната комисија (име и презиме, службени контакт информации)** | |
| **Период на посета на високообразовната установа** | |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | |

## Оцена на исполнетост на стандарди и индикатори

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Индикатор | ГО ИСПОЛНУВА | ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА | НЕ ГО ИСПОЛНУВА | Образложение |
| Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | | | | |
| Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | | | | |
| Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | | | | |
| Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | | | | |
| Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | | | | |
| Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[12] | | | | |
| **НАОД: Високообразовната установа НЕ/ГО исполнува горенаведениот стандард.** | | | | |

| **СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Индикатор** | **ГО ИСПОЛНУВА** | **ДЕЛУМНО ГО ИСПОЛНУВА** | **НЕ ГО ИСПОЛНУВА** | **Образложение** |
| Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | | | | |
| Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | | | | |
| Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | | | | |
| Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | | | | |
| Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | | | | |
